ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на вардарски плански регион

# Програма за развој на Вардарскиот плански регион



# Програма за
# развој на Вардарскиот плански регион

Програмата е подготвена од Центарот за развој на Вардарскиот плански регион

**Изработено со подршка од:**

**Програмата за развој на Обединетите Нации**

**Изземање**
Ставовите изразени во овој прирачник се ставови на авторите што нужно не претставуваат и ставови на Програмата за развој на обединети нации. Споменатите места и презентираните материјали не имплицираат изразување на каков и да е став на Програмата за развој на обединети нации или Секретаријатот на Обединетите нации во врска со правниот статус или име на која и да е земја, територија, град или област, или за авторите на текстот.

Велес
декември, 2008

# Содржина

1. Извршно резиме 1

2. Вовед 4

3. Профил на Вардарскиот плански регион 6

4. Стратегиски насоки на развојот на Вардарскиот плански регион 15
- 4.1. Сумарен преглед на Стратегиите за локален развој на општините од Вардарскиот регион ...... 15
- 4.2. Насоки за развој на Вардарскиот плански регион од Стратегијата за регионален развој на Република Македонија ...... 19
- 4.3. Дефинирани области за развој на Вардарскиот регион...... 21

5. Анализа на состојбите во вардарскиот плански регион 22
- 5.1 Севкупна SWOT анализа на ситуацијата во Вардарскиот регион ...... 23
- 5.2. Главни заклучоци од SWOT анализата на регионот ...... 28

6. Визија и Стратегиски насоки на развојот на Вардарскиот плански регион 31
- 6.1. Визија за развој на Вардарскиот плански регион ...... 31
- 6.2. Стратегиски област на развојот на Вардарскиот плански регион ...... 32
- 6.3. Економски развој и индустриско производство ...... 33
- 6.4. Туризам , култура и спорт ...... 39
- 6.5 Инфраструктура ...... 46
- 6.6 Животна средина...... 52
- 6.7 Земјоделие и рурален развој ...... 56
- 6.8 Образование ...... 61

7. Спроведување на Програмата за развој на Вардарскиот регион 65
- 7.1 Основни принципи за спроведување на Програмата за развој на Вардарскиот регион...... 65
- 7.2 Основни принципи за следење и оценка на спроведувањето на Програмата за развој на Вардарскиот регион...... 65

8. Анекси 67
- Анекс 1 Листа на членови на Работната група за планирање на регионалниот развој на Вардарски регион ...... 67
- Анекс 2 Листа на поединци вклучени во подготовката на
- Анекс 3. SWOT анализи на состојбите во поединечните развојни области ...... 69
- Анекс 4. Користени кратенки ...... 75
- Анекс 5. Носители на политиката на рамномерен регионален развој ...... 766

# 1.

## Извршно резиме

Основната рамка за водење на политиката на рамномерен регионален развој во земјата е дефинирана со Законот за рамномерен регионален развој кој ги пропишува планските документи за нејзина реализација. Програма за развој на Вардарскиот регион е еден од тие документи и се базира на основниот концепт на политиката на регионален развој: развивање и имплементација на полицентричен модел на развој.

При изработка на Програмата за развој на Вардарскиот регион користени се расположивите национални документи од областа на регионалниот развој (работната верзија на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија и Законот за рамномерен регионален развој) односно Стратегиите за локален (економски) развој на општините во состав на Вардарскиот регион. Соодветно на тоа, Програмата поаѓа од насоките за развој на регионот опишани во Националната стратегија, како и од развојните цели и приоритети на составните општините и има за цел да обезбеди:

- намалување на диспаритетите во рамките на регионот, како и во однос на останатите плански региони, и подигнување на квалитетот на животот на сите граѓани;
- зголемување на конкурентноста на Вардарскиот регион преку јакнење на иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на планските региони;
- зачувување и развивање на посебниот идентитет на Вардарскиот регион, како и негова афирмација и развој;
- ревитализација на селата и развој на подрачјата со специфични развојни потреби и
- поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локалната самоуправа во функција на поттикнување на рамномерен регионален развој.

Во согласност со принципите на одржлив развој, Програмата е така замислена и програмирана да поддржи функционирање на локалната демократија заедно со изградба на економија која ќе обезбеди подобар стандард на живеење на граѓаните преку рационално искористување на ресурсите и создавање на можност за развој на идните генерации.

Анализата на актулните состојби во регионот ја дава следната слика:

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
| --- | --- |
| Централна географска поставеност на регионот во земјата | Демографско стареење на населението и негова ограничена образовна надградба |
| Развиена регионална и локална инфраструктура | Незадоволителни инфраструктурни и комунални услови во руралните средини |
| Поволни климатски услови за развој на земјоделието | Натпросечно загадување на животната средина во дел од урбаните средини |
| Развиени капацитети за производство на вино | Неподготвена јавна администрација за барањата во дел од децентрализираните надлежности |
| Услови за развој на туризмот | Непостоење на институционална инфраструктура за поддршка на развојот на земјоделието и бизнисот |
| Природни услови за користење на алтернативните извори на енергија | Низок економски развој во руралните средини |

| | |
|---|---|
| | Непостоење на туристичка понуда за регионот |
| **Можности** | **Закани** |
| Можности кои произлегуваат од Македонската интеграција во ЕУ | Неискористени потенцијали за регионалниот развој во земјата како последица на инертноста во спроведувањето на законските решенија |
| Централните Владини политики како поле за интеграција на регионалните и локалните политики | Намалување на потенцијалот на целните пазари како последица на актуелните економско-стратегиски случувања |
| Природни ресурси и климатски услови | Економски развојни политики за кои заштита на животната средина не е приоритетна |
| Можности за интегрално комуникациско поврзување со непосредната и подалечна економска околина | |
| Зголемување на домашниот и меѓународен интерес за алтернативни облици на туризам | Намалување на регионалниот економски потенцијал како резултат на одлив на кадар и намалување на младото население |

Врз основа на споредбата на развојните приоритети во општините кои се дел од Вардарскиот регион и насоките за развој на регионот дефинирани во Националната стратегија за регионален развој, работната група за развој на Вардарскиот регион ги дефинираше следниве области за развој на Вардарскиот регион:

**I. Економски развој и индустриско производство**

Имајќи го предвид проблемот на невработеноста како еден од најголемите проблеми во Македонија, а соодветно на тоа и во Вардарскиот регион, економскиот развој е основна област за планирање на развојот. Основни цели во рамките на оваа област се:

- Намалување на невработеноста;
- Создавање на услови за поинтензивен локален и регионален развој;
- Обезбедување на одржливо искористување на енергетските потенцијали;
- Зајакнување на економската моќ на граѓаните, и
- Привлекување на странски инвестиции во регионот / општините од регионот.

**II. Туризам , култура и спорт**

Вардарскиот регион има поволни ресурси за развој на транзитен, одржлив и културен туризам, а со оваа стратегиска област ќе се фокусира на искористување на тие ресурси. Основни задачи во рамките на оваа област се:

- Промоција на природните потенцијали и традицијата;
- Промоција и унапредување на културното наследство, и
- Афирмација и развој на спортот во регионот.

**III. Инфраструктура**

Квалитетот на инфраструктурата и енергетиката мора да ги следи потребите на стопанството и граѓаните и нивната недоволна развиеност претставува кочница за развојот. Соодветно на тоа, оваа Стратегиска област има за цел создавање на услови за развој на регионот и подобрување на квалитетот на живот преку подобрување на инфраструктурата, односно искористување на регионалните извори на енергија. Основни цели во рамките на оваа област се:

- Подобрување на функционалноста на патната и комуналната инфраструктура, и
- Искористување на енергетските потенцијали во насока на поддршка на развојот.

## IV. Животна средина

Планирањето на развојот во Вардарскиот регион се базира на принципите на одржлив развој и изградба на здрава животна и работна средина. Во согласност со тоа, основни задачи во рамките на оваа област се:

- Подобрување на квалитетот на планирањето и управувањето со животната средина;
- Санација на последиците од загадувањето на животната средина предизвикани во минатото, како и
- Рационално и ефикасно искористување на расположивите природни ресурси.

## V. Земјоделие и рурален развој

Вардарскиот регион има долга и успешна традиција во производство на храна. Заради тоа, оваа стратегиска цел има големо значење за регионалниот развој како област со значајни површини на обработливо земјиште и пасишта, односно постоење на значителни количества на слатки води. Со дефинирањето на оваа стратегиска развојна област ќе се обезбеди:

- Зајакнување на агро-комплексот, и
- Поголемо искористување на потенцијалите на регионот за производство на храна.

## VI. Образование

Оваа стратегиска развојна област е посветена на создавањето на услови за развивање и унапредување на знаењата, а со тоа и за за остварување на одржлив развој односно подобрување на културата на живеење на граѓаните на Вардарскиот регион. Воведувањето на високи стандарди во образованието ќе придонесат за развој на слободата на умот, знаењето, иновациите и креативноста како темели на развојот и благосостојбата на секој граѓанин на Вардарскиот регион. Основни задачи во рамките на оваа област се:

- .
- Решавање на инфраструктурните потреби во образованието
- Создавање на еднакви можности за образование во сите средини
- Согледување на потребите за профилирање на кадар во функција на регионалниот развој
- Јакнење на педагошко-стручните капацитети на наставниот кадар

# 2.

## Вовед

Земајќи ги предвид искуствата на другите нови држави членки на ЕУ, Македонија ја согледа важноста на политиката за регионален развој за севкупниот развој на земјата и збрзување на својот прием во ЕУ. Истовремено, анализата на постоеката развојна рамка во Република Македонија покажа дека и покрај секторските развојни програми на ресорните министерства, интегралното управување со развојот беше обесхрабрувано и ограничувано од преклопувањето на нивните надлежности, како и од непостоењето на соодветна институционална рамка за заедничко управување со државните средства. Со зголемувањето на свеста за оваа нова проблематика, се забрзаа и се преземаа поубедливи чекори за реформа на актуелната политичка рамка. Стратегијата за рамномерен регионален развој[1] претставува еден од овие чекори и, заедно со Законот за рамномерен регионален развој (објавен во Службен Весник бр. 63/07) и соодветните подзаконски акти, ја формира законската рамка.

Законот за рамномерен регионален развој пропишува воспоставување на плански региони во Република Македонија, како функционално територијални единици за потребите на планирањето на развојот и реализација на мерките и инструментите за поттикнување на развојот. Планските региони се совпаѓаат со статистичките региони определени со номенклатурата на територијални единици за статистика НТЕС-3 (Службен весник бр. 158/2007), со цел да се обезбеди статистичка основа за планирањето на развојот на регионите. Законот дефинира 8 развојно-плански региони во Македонија:




1. Полошки регион;
2. Скопски регион;
3. Североисточен регион;
4. Источен регион;
5. Југоисточен регион;
6. Вардарски регион;
7. Пелагониски регион;
8. Југозападен регион.

Со Законот за рамномерен регионален развој се дефинира основната рамка за водење на политиката на рамномерен регионален развој во земјата и се пропишуваат планските документи за нејзина реализација. Покрај Стратегијата за регионален развој на Република Македонија како основен документ, секој од планските региони треба да подготви сопствена Програма за развој на регионот во склад со насоките од Националната стратегија и сопствените регионални приоритети за развој.

---

[1] Нејзината изработка е во тек и се очекува да биде набрзо подготвена

Програмата за развој на Вардарскиот регион е базирана на основниот концепт на политиката на регионален развој; развивање и имплементација на полицентричен модел на развој. Во склад со Законот, оваа Програма има за цел да обезбеди:

- намалување на диспаритетите во рамките на регионот, како и во однос на останатите плански региони, и подигнување на квалитетот на животот на сите граѓани;
- зголемување на конкурентноста на Вардарскиот регион преку јакнење на иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на планските региони;
- зачувување и развивање на посебниот идентитет на Вардарскиот регион, како и негова афирмација и развој;
- ревитализација на селата и развој на подрачјата со специфични развојни потреби и
- поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локалната самоуправа во функција на поттикнување на рамномерен регионален развој.

При изработка на Програмата за развој на Вардарскиот регион користени се расположивите национални документи од областа на регионалниот развој (работната верзија на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија и Законот за рамномерен регионален развој), како и Стратегиите за локален (економски) развој на општните во состав на Вардарскиот регион. Соодветно на тоа, Програмата поаѓа од насоките за развој на регионот опишани во Националната стратегија, како и од развојните цели и приоритети на составните општините.

При изработката на Програмата, во соработка и поддршка од Програмата за развој на Обединети нации, беше одржана една средба со градоначалниците на општините во регионот, како и една работилница на која беше дефинирана заедничката развојна Визија. На основа на овие средби, беа дополнително одржани шест работилници во согласност со тематските области дефинирани како основни за развојот на регионот. На работилниците беа консултирани претставници од локалната самоуправа, приватниот и невладиниот сектор, а нивните укажувања се основа за дефинирање на стратешките цели и приоритетите за развој на регионот.

Програмата за развој на Вардарскиот плански регион е регионален стратегиски документ кој е наменет за институциите, здруженијата и поедниците во чија надлежност е планирањето и спроведувањето на политиката за развој на регионот. Тој ќе биде користен од страна на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион како документ кој ги дава основните насоки за развој на регионот, но истовремено ќе биде и документ на чија основа ќе се спроведуваат развојни активности и мерки од страна на приватниот и невладиниот сектор како значајни засегнати страни во процесот. Програмата би требало да најде своја примена при изработката на стратегиски документи за општините во регионот имајќи ја предвид комплексноста на материјата што се обработува и потребата од координирање на стратешките документи заради обезбедување на подобро креирање на политиките. Посебна намена на Програмата е да послужи како основа за изработка на годишната листа на предлог-проекти кои ќе бидат финансирани од Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој во рамките на годишните Програми за поддршка на рамномерниот регионален развој на Владата на РМ.

# 3.

## Профил на Вардарскиот плански регион

**Местоположба и урбанизираност**. Вардарскиот плански регион се простира во централниот дел на Република Македонија и го опфаќа средното сливно подрачје на реката Вардар, долните теченија на притоките Брегалница и Црна Река и крајниот западен дел од Овче поле. Зафаќа површина од 4042 км$^2$ или 16% од територијата на Република Македонија.[2] Во овој регион влегуваат 9 општини (Табела 1.1.) во кои се лоцирани 215 населени места. Регионот се одликува со исклучително ниска густина на населеност од 38 жители/км$^2$ (во споредба со просекот на земјата од 81 жители/км$^2$) и голема концентрација на населението во градските средини (околу 69%). Речиси половина (четири) од општините во регионот се рурални.

**Табела 1.1. Општините во Вардарскиот плански регион**

| | Општина | Површина км$^2$ | жит/км$^2$ | Населени места | Учество (во %) на градското во вкупното население |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Велес | 427 | 129 | 29 | 84.8 |
| 2 | Градско | 235 | 16 | 16 | |
| 3 | Демир Капија | 309 | 15 | 15 | 72.1 |
| 4 | Кавадарци | 992 | 39 | 40 | 75.3 |
| 5 | Лозово | 166 | 17 | 11 | |
| 6 | Неготино | 478 | 40 | 19 | 69.1 |
| 7 | Росоман | 132 | 31 | 10 | |
| 8 | Свети Николе | 483 | 38 | 33 | 74.3 |
| 9 | Чашка | 820 | 9 | 42 | |
| | **Вкупно** | **4042** | **38** | **215** | **68.7** |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Вардарскиот плански регион се граничи со Грција од јужната страна, но граничниот премин "Пулевец" сè уште не е активиран. Овој граничен премин може да биде од исклучително значење за поттикнување на прекуграничната соработка со Грција, како и поттикнување на развојот на регионот зашто преминот би обезбедил побрз пристап до ски центарот Кожуф.

**Природни ресурси**. Вардарскиот плански регион има одлични климатски услови за развој на земјоделството и особено, лозарството. Земјоделското земјиште зафаќа површина од 145.699 ха (12% од вкупната земјоделска површина во Република Македонија), од кои обработливи површини се 70.006 ха и пасишта 75.666 ха. Во овој регион има околу 45% од вкупните лозови насади во земјата. Вкупната површина под шуми изнесува 150.009 ха (15% од вкупните шуми во Република Македонија). Дрвната маса изнесува 8.8 милиони м$^3$ (11% од вкупната дрвна маса во земјата), додека планираниот сечив етат на дрвната маса учествува со 10%.[3]

[2] Површините на регионите се однесуваат само на копнениот дел од територијата.

[3] Дрвната маса и планираниот сечив етат во планските региони се однесуваат на шумите уредени со шумско-стопански основи со кои стопанисува ЈП Македонски шуми

Од минералните ресурси во регионот најважно економско значење имаат фероникл оносните руди, а застапени се перлитот, талкот, кварцитите и дијатомејската земја. Водни ресурси на регионот се долните теченија на реките: Вардар, Црни Дрим, Брегалница, Бабуна, Тополка и Отовица кои даваат можност за изградба на 6 хидроакумулации, од кои досега се подигнати три - “Тиквеш“,“ Лисиче” и “Младост”.

**Природно и културно-историско наследство**. Од обилното природно и културно-историско наследство во регионот, посебно се издвојуваат природниот резерват “Тиквешко Езеро“, споменикот на природата „Демир Капија“ и археолошкиот локалитет Стоби кои претставуваат значајни ресурси за развој на туризмот. Долгогодишната традиција за производство на вино овозможува развој на винскиот туризам. Исто така, регионот има потенцијал за развивање на планински туризам преку изградба на ски центарот на Кожуф.

**Население и демографски карактеристики**. Според Пописот на населението од 2002 година Вардарскиот плански регион имал 154535 жители или 1.3% повеќе од 1994 година[4] (Табела 1.2). Внатререгионалните разлики во порастот на населението, просторната дистрибуција и степенот на урбанизација се мошне големи и неповолни.

Природното движење на населението во регионот во споредба со земјата се карактеризира со потпросечен наталитет, натпросечен морталитет и нулти природен прираст во 2006 година. Природниот прираст е негативен во една третина од општините (Велес, Демир Капија и Свети Николе). Неповолната состојба кај природното движење се потенцира и со бројот на умрени доенчиња на 1000 живородени (15.6), кој е најголем во споредба со другите региони. Стапката на тотален фертилитет за регионот изнесува 1.39 и не осигурува проста репродукција на населението. Во внатрешните миграции доминира застапеноста на меѓуопштинските преселувања во сите општини освен Чашка, Кавадарци и Свети Николе каде преовладуваат локалните миграции. Кај надворешните миграции поголемо е отселувањето од доселувањето, со тенденција на интензивирање на интелектуалната емиграција во последните години.

***Графикон 1.1.***
**Старосни пирамиди на вкупното население во Вардарскиот регион**




---

[4] Имајќи го предвид долгорочниот тренд на демографските движења, анализата на промените е направена врз основа на податоците од двата последни пописи на населението (1994 и 2002). Користени се и проценките на населението за 2006 година.

**Табела 1.2.**

**Обем, динамика и некои структурни белези на населението во ВАРДАРСКИОТ плански регион**

| Регион Општини | Вкупно население (Попис) | | Просечни годишни стапки на пораст на населението (1994 / 2002) | Процен ка на населе- ние (2006) | Стапки на природен прираст* | | Учество (во %) во вкупното население (2006) | | | Коефициенти на старосна зависност на населението*** (2006 година) | | | Домаќинства | | Образовно ниво на населението старо 15 и повеќе години**** (2002) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1994 | 2002 | | | 1994 | 2006 | Деца (0 - 14) | Работо-способ ен контин-гент** | Стари 65 и повеќе години | Вкуп-но | На мла-дите | На ста-рите | Број (2002) | Пораст (во %) 2002 / 1994 | Ниско | Средно | Високо |
| Р. Македонија | 1945932 | 2022547 | 0,48 | 2041941 | 8,1 | 1,9 | 18,9 | 67,6 | 11,2 | 44,6 | 28,0 | 16,6 | 564237 | 12,4 | 53,2 | 36,9 | 10,0 |
| ***Вардарски*** | **152479** | **154535** | **0,20** | **154161** | **4,2** | **0,0** | **16,9** | **68,4** | **25,0** | **42,6** | **24,7** | **17,9** | **47469** | **6,4** | **49,2** | **42,2** | **8,6** |
| Велес | 54663 | 55108 | 0,10 | 55213 | 4,3 | -0,3 | 16,2 | 68,8 | 12,4 | 41,7 | 23,6 | 18,0 | 16959 | 3,0 | 44,8 | 45,5 | 9,7 |
| Градско | 3822 | 3760 | -0,20 | 3649 | -0,3 | 1,9 | 17,5 | 67,8 | 12,2 | 43,8 | 25,8 | 18,0 | 1137 | 3,7 | 68,7 | 27,9 | 3,5 |
| Чашка | 7457 | 7673 | 0,36 | 7583 | 6,4 | 3,6 | 24,6 | 60,4 | 13,1 | 62,5 | 40,7 | 21,7 | 2185 | 5,7 | 84,2 | 14,6 | 1,2 |
| Кавадарци | 37699 | 38741 | 0,34 | 38907 | 5,5 | 0,1 | 16,7 | 69,2 | 11,7 | 41,0 | 24,1 | 16,9 | 12026 | 11,4 | 42,0 | 47,6 | 10,4 |
| Росоман | 4238 | 4141 | -0,29 | 4184 | 0,7 | 3,6 | 17,7 | 65,6 | 14,2 | 48,7 | 27,0 | 21,6 | 1284 | 2,1 | 64,6 | 32,5 | 2,9 |
| Демир Капија | 4815 | 4545 | -0,72 | 4230 | -1,2 | -1,6 | 16,1 | 66,9 | 14,5 | 45,8 | 24,1 | 21,7 | 1385 | 0,1 | 61,5 | 34,1 | 4,3 |
| Неготино | 18341 | 19212 | 0,58 | 19384 | 6,1 | 1,3 | 17,6 | 69,2 | 10,9 | 41,1 | 25,4 | 15,7 | 5897 | 9,4 | 48,1 | 42,7 | 9,3 |
| Лозово | 2916 | 2858 | -0,25 | 2696 | 0,3 | 1,5 | 15,3 | 66,8 | 15,1 | 45,4 | 22,9 | 22,6 | 899 | 8,7 | 68,5 | 27,8 | 3,8 |
| Свети Николе | 18528 | 18497 | -0,02 | 18315 | 2,6 | -3,2 | 15,6 | 69,4 | 12,6 | 40,7 | 22,5 | 18,2 | 5697 | 6,8 | 51,8 | 40,1 | 8,1 |

* Природен прираст на 1000 жители (промили)

**Работоспособниот контингент го опфаќа населението на возраст 15-64 години (мажи) и 15-59 години (жени).

***Коефициент на вкупната старосна зависност - оптовареност на населението на работоспособна возраст со контингентите на младите (0-14 год.) и на старите (65 и повеќе год.).
Коефициент на старосна зависност на младите - оптовареност на населението на работоспособна возраст со контингентите на младите (0-14 год.).
Коефициент на старосна зависност на старите - оптовареност на населението на работоспособна возраст со контингентите на старите 65 и повеќе години.

**** Ниско ниво на образование - без образование, незавршено основно и основно образование;
Средно ниво на образование - тригодишно и четиригодишно средно образование;
Високо ниво на образование - вишо и високо образование, магистратура, докторат.

Извор: Пресметано врз основа на податоци од ДЗС: Попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Република Македонија 1994 година;
Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија 2002 година (Книга XIII)

Неповолните промени во развојот на населението придонесоа за забрзување на демографското стареење, кое мошне илустративно го покажуваат старосните пирамиди на населението (Графикон 1.1). Рангирањето на демографската старост потврдува дека од 1994 до 2002 година регионот и сите општини преминаа од праг на демографска старост во стадиум на демографска старост. Во 2006 година во длабока демографска старост премина населението во општините Демир Капија и Лозово. Стареењето на населението во регионот предизвика намалување на уделот на децата на школообврзна возраст, пораст на работоспособното население и значително зголемување на постарото население. Тоа претпоставува неповолни последици и импликации условени од оптовареноста на работоспособниот контингент со постаро население.

Промените кај домаќинствата и семејствата се манифестираат во намалување на просечниот број членови, како и во значителен пораст на учеството на самечките домаќинства и населението кое живее во нив (тоа е најголемо во општините Чашка, Демир Капија и Лозово).

Образовната структура на населението во Вардарскиот плански регион се одликува со намалување на стапките на неписменост и позитивни промени во образовното ниво на населението старо 15 и повеќе години. Сепак, со голема застапеност (повеќе од 60%) на населението со ниско ниво на образование се издвојуваат повеќе од половина од општините (Градско, Чашка, Росоман, Демир Капија, Лозово). Тоа претставува сериозна ограничувачка околност за развојот на овие подрачја.

**Економски карактеристики**. Според податоците од Државниот завод за статистика, Вардарскиот плански регион имал БДП од 5952 евра по жител во 2005 година, што е 98% од просекот на Република Македонија и 27% од просекот на ЕУ27. Со тоа, тој се наоѓа на третото место на развој од осумте плански региони во Република Македонија и учествува со 7% во создавањето на македонскиот БДП. Според анализата на економските движења во нефинансискиот сектор за периодот 2003-2006 година,[5] регионот бележи позитивни резултати во однос на вкупната додадена вредност на овој сектор (Табела 1.3), а особено динамичен раст бележат услугите (69%) и градежништвото (67%). Растот на индустријата од неверојатните 142% во анализираниот период е исклучиво резултат на експанзијата на Фени што најмногу се должи на растот на цените на никелот на светските берзи. Согласно на овие движења, металната индустрија се издвојува како најзначајна во овој плански регион, а следуваат тутунската и прехранбената индустрија и трговијата. Индустријата во овој регион, како и во останатите се карактеризира со трудоинтензивни гранки и ниска технолошка основа, што повлекува пониска додадена вредност на производството.

[5] Расположивите статистички податоци од ДЗС по региони овозможија анализа само за нефинансискиот сектор.

Табела1.3. Индикатори за нефинансискиот сектор во Вардарскиот плански регион

| | Додадена вредност во нефинансискиот сектор (во милиони денари) | | | | Учество во вкупното производство (во %) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
| Вкупно | 5803 | 6914 | 7551 | 12069 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Земјоделство | 522 | 533 | 512 | 425 | 9 | 8 | 7 | 4 | 14 | 9 | 9 | 8 |
| Индустрија | 3752 | 4161 | 4613 | 9063 | 65 | 60 | 61 | 75 | 55 | 57 | 59 | 54 |
| Градежништво | 255 | 221 | 353 | 427 | 4 | 3 | 5 | 4 | 5 | 5 | 4 | 5 |
| Услуги | 1273 | 1998 | 2073 | 2153 | 22 | 29 | 27 | 18 | 26 | 29 | 28 | 33 |

Извор: Пресметано според податоци од ДЗС

Носители на економскиот развој во регионот се малите претпријатија (Слика 1.1) кои учествувале со 43% во вкупното производство во 2005 година[6] и со 49% во вкупниот број вработени во нефинансискиот сектор во 2006 година. Бројот на малите претпријатија во периодот 2003-2006 година пораснал за 29%, а најголем дел од новите фирми се концентрирани во услужниот сектор (73%). Карактеристично е што трошоците за работната сила по вработен во малите претпријатија се намалиле за 2% во анализираниот период 2003-2006 година, додека продуктивноста се зголемила за 35%.

**Слика 1.1.**




Извор: Податоци од Државниот Завод за Статистика

Според официјалните статистички податоци за 2006 година (Табела 1.3), индустријата доминира со учество од околу 75% во производството и 54% во вработувањата, додека услугите учествуваат со околу 18% во производството и 33% во вработувањата, а земјоделството (вклучително и лозарството) со 4% во производството и 8% во вработувањата. Треба да се има предвид дека најголем дел од ангажираните во земјоделството се индивидуални земјоделци во неформалниот сектор, односно не се регистрирани како економски субјекти. Оттаму, се проценува дека земјоделството има многу поголемо економско значење за регионот и има висок потенцијал да го забрза економскиот раст и да го поттикне развојот на преработувачката прехранбена индустрија.

Постојната состојба во ***земјоделскиот сектор*** покажува дека Вардарскиот плански регион се карактеризира со силна специјализација на производството во 3 главни групи на култури: поледелството, посебно житарици (пченица и јачмен) за кои климатски одговара овчеполскиот дел, потоа овоштарството кое е најмногу присутно во Росоман и како најважна и стратешка култура на регионот – виновата лоза, односно лозарството кое е развиено во Тиквешијата и Демиркаписко. Во овој регион се запоставени градинарството и индустриските

[6] Поради исклучителниот раст на Фени во 2006 година, големите претпријатија го презедоа приматот со учество од 63% во додадената вредност на бизнис секторот.

култури за чие производство има голем потенцијал и веќе постојат капацитети од прехранбената индустрија (фабриките за масло во Велес, Штип и Свети Николе) и за преработка на овошје и зеленчук (Неготино, Росоман, Свети Николе) кои не се целосно искористени. Што се однесува до потенцијалот за развој на говедарството и придружните индустрии, регионот има многу скромни можности за производство на добиточна храна, меѓутоа застапени се овчарството, козарството, свињарството и живинарството.

**Пазар на работна сила[7].** Вардарскиот плански регион во 2002 година се карактеризира со стапка на активност на населението од 60.7%, која е пониска од онаа во 1994 година (66.6%). Анализата на активното население според пол и старост, покажува дека машкото население има значително поголема активност (70.5%) од женското (50.2%), а со мошне висока активност (80.2%) се издвојува возрасната група 25-49 години. Како и во другите региони, економската активност е правопропорционална со степенот на образование на населението, односно најмала е кај младите кои сè уште се во процес на образование и на лицата без училиште, а највисока кај оние со факултетско и повисоко образование.

Во анализираниот период 1994-2002 година стапката на вработеност во Вардарскиот регион се намалува од 49.9% на 35.5%, а стапката на невработеност бележи пораст од 25.1% на 43.6%. Ваквите промени кај двете стапки најмногу се условени од неповолните движења во економскиот развој во регионот и затворањето на голем број фирми, додека приливот на нови генерации нема позначително влијание врз порастот на неангажираната работна сила. Податоците за периодот 2003-2006 година покажуваат позитивна динамика на економскиот раст во регионот. Во недостиг на официјални статистички податоци, реално е да се процени дека стапката на вработеност во 2006 година е повисока од онаа во 2002 година. Освен тоа, треба да се има предвид дека дел од работниците се ангажирани во неформалниот сектор, односно не се регистрирани во официјалните статистики. И покрај тоа, невработеноста претставува еден од најгорливите проблеми во регионот, чие решавање е од клучно значење за подобрување на економско-социјалната состојба на населението.

Анализата на невработеноста според образовното ниво покажува дека таа е највисока кај работната сила без образование (76.3%) и се намалува со зголемување на образовното ниво. Доколку се имаат предвид демографските промени и образовната структура на населението во која преовладува популацијата со ниско ниво на образование (Табела 1.2.), може да се заклучи дека динамиката на економскиот развој на регионот во голема мера може да биде ограничен од квалитетот на расположливата работна сила. Во таа насока, потребни се мерки за подигање на образовното ниво на населението и квалитетот на работната сила.

**Пензиско осигурување.** Ниската стапка на вработеност и високата стапка на невработеност, во комбинација со демографското стареење на населението повлекуваат сериозен проблем за понатамошно издржување на растечкиот број на пензионери. Податоците од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (ФПИОМ) покажуваат дека во Вардарскиот плански регион во 2006 година имало 1.2 осигуреници (вработени лица што плаќаат придонеси) на 1 пензионер.,Во насока на промена на соодносот помеѓу бројот на осигуреници и бројот на пензионерипотребни се мерки за зголемување на вработеноста, како и подобрување на демографската состојба. Просечната пензија во овој регион во 2006 година изнесувала 92.4% од националниот просек, што овозможува просечен животен стандард на пензионираното население.

---

[7] Анализата на пазарот на работната сила е направена врз основа на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 1994 и 2002 година, од каде единствено може да се добијат официјални статистички податоци на регионално ниво. Понови податоци за пазарот на работна сила се достапни од Анкетата на работна сила (АРС) која од 1996 година ја спроведува Државниот завод за статистика. Бидејќи овие податоци не се изработуваат на ниво на регион, таа не се користи при изработката на Стратегијата за регионален развој.

**Здравствено осигурување**. Околу 98% од населението во Вардарскиот плански регион е покриено со здравствено осигурување. Притоа, достапноста на здравствените услуги од примарната и амбулантно-специјалистичко консултативна здравствена заштита е на задоволително ниво (над националниот просек). Повисоките степени на здравствена заштита се помалку достапни во овој плански регион (особено во помалите и руралните општини) и мора да се користат услугите што се нудат во другите региони, со што се зголемуваат трошоците и се намалува ефикасноста на овој тип услуги за граѓаните од Вардарскиот плански регион.

**Услови за живот и домување**. Податоците за бројот на становите и нивната опременост покажуваат дека во периодот 1994-2002 година,[8] бројот на станови во Вардарскиот плански регион е зголемен за 20%. Опременоста на становите во регионот со струја, водовод, канализација и централно греење е релативно добра, додека 21.7% од становите немаат санитарни јазли во домаќинствата што упатува на потребата од подобрување на опременоста во значителен број од становите на ова подрачје.

**Комунална инфраструктура**. Овој регион има 365 км водоводна мрежа која е претежно лоцирана во урбаните центри на општините. Врз основа на податоците од Пописот 2002 година, 96.6% од домаќинствата во Вардарскиот плански регион се снабдени со вода за пиење. Покриеноста на населението во урбаните средини со системи за вода за пиење се движи од 90% во општините Кавадарци и Неготино до 100% во Велес, додека во руралните места овој индикатор се движи од 20% до 100%. Алармантно за овој регион е што скоро сите населени места се соочуваат со проблемот од недостаток на вода за пиење кој е последица од високата просечна потрошувачка по жител, како и големите загуби на вода (преку 50%) во системите за снабдување заради нивната застареност (претежно постари од 15 години), недоволните волумени на резервоарите, пречистителните станици и другите објекти. Посебен проблем во овој регион е водоснабдувањето во Свети Николе каде во текот на последните години населението се снабдува со вода за пиење од цистерни или локални бунари. Реализацијата на алтернативното водоснабдување на градот Свети Николе е во тек (поддржано од CARDS програмата и Владата на РМ), односно добивањето на решение за користење на водата за пиење е во постапка. Во Вардарскиот плански регион има три поголеми акумулациони езера (Лисиче, Тиквеш и Младост) и повеќе помали, со чие подобро искористување значително може да се намали недостатокот од вода за пиење во овој регион.

Во овој регион има 198.8км канализациона мрежа која претежно е лоцирана во урбаните центри на општините. Покриеноста на населението со канализациона мрежа во урбаните средини се движи од 95% во Велес и Кавадарци со 100% во Свети Николе, додека во руралните средини се движи од 0% (септички јами) до 70%. Регионот има една станица за пречистување на отпадни води која е лоцирана во Свети Николе и има капацитет од 30.000 е.ж. Отпадните води од другите населени места се одведуваат без било какво пречистување директно во реципиентот – површинските водотеци. Покриеноста на населението со пречистителни станици за отпадни води изнесува 13.5% (националниот просек е 12.5%) и упатува на општиот проблем во однос со пречистителните станици во Македонија.

Депонирањето на цврстиот комунален отпад во Вардарскиот плански регион се врши на локалните или т.н. општински депонии, кои не ги задоволуваат ниту основните санитарно-технички стандарди за безбедно депонирање на отпадот. Во овој регион постојат 5 депонии кои се евидентирани согласно Националниот план за управување со отпад, а според ризикот за загадување на животната средина се класифицирани на следниот начин: 1 депонија - висок ризик, 1 депонија - среден ризик и 3 депонии - низок ризик. На територијата на овој регион постојат голем број на т.н. диви депонии, особено во руралниот дел кој не е опфатен со

[8] Податоците се од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 1994 и 2002 год.

услугата за подигање и депонирање на сметот, што претставува закана за животната средина во регионот.

**Сообраќајна инфраструктура**. Постојната патна инфраструктура во Вардарскиот плански регион се состои од околу 909км локални патишта, 56.5км автопат, 60.5 км магистрални и 577 км регионални патишта. Овој регион е релативно добро покриен со патна мрежа, но постојната состојба на дел од магистралните (М-5: Велес – Штип) и дел од регионалните патишта (Р-106: Прилеп-Градско и Р-107: Лакавица-Неготино-Дреново) може да се оцени како лоша. Подобрување на оваа состојба може да очекува со изградбата на коридорот 10 и централната траса на коридорот 8 кои минуваат низ Вардарскиот плански регион. Локалната патна мрежа главно е во лоша состојба, со тренд на натамошно намалување на нејзиниот квалитет. Одржувањето на локалните патишта е недоволно и несоодветно, што е резултат главно на недостаток на финансиски средства, како и форсирање на изградба на нови делници и одржување на урбаните центри.

Низ Вардарскиот плански регион минува дел од железничката линија Скопје-Велес-Гевгелија-граница со Грција во должина од 106.6 км, како и дел од линијата Велес-Битола (45км), линијата Градско-Сивец (16.3км) и дел од линијата Велес-Кочани (15.6км). Вкупната должина на железничката мрежа изнесува 183.5 км што претставува густина од 44.2км на 1000км$^2$, што е над националниот просек од 27км. Во овој регион се лоцирани три леталишта за стопанска авијација (Пеширово - Свети Николе; Црвени брегови – Неготино и Росоман - Кавадарци), кои недоволно се користат. Регионот граничи со Скопскиот плански регион и има релативно добар и брз пристап кон аеродромот „Александар Велики“ во Петровец, Скопје.




Релативно добрата покриеност на Вардарскиот плански регион со магистрални и регионални патишта и со железничка мрежа, како и близината до главниот аеродром во државата се важни фактори за развој на регионот. Понатаму, значајно за овој регион е што низ него поминува дел од нафтоводот Солун до Скопје кој се протега по должината на Коридорот 10. Нафтоводот е изграден во 2002 година и има капацитет од 360м$^3$/час или проток од 2.5 милиони тони нафта годишно.

**Енергија.** Вкупната просечна годишна потрошувачка на електрична енергија во Вардарскиот плански регион во периодот 2003-2006 година изнесува 336 GWh (околу 7% од вкупната потрошувачка во РМ). Посебно значење има ТЕЦ Неготино, а во овој регион се наоѓа и трафостаницата Дуброво што има централно место за пренос на електрична енергија внатре во Република Македонија и кон (од) Грција. На подрачјето на Неготино постојат можности за ископ на јаглен за производство на електрична енергија, меѓутоа оваа опција не е доволно истражена. Се планира еден крак од гасоводниот систем да продолжи до ТЕЦ Неготино, со што би можело да се инсталираат дополнителни капацитети за производство на електрична енергија. Ова би

било од исклучително значење за развој на производството на раноградинарските земјоделски култури за кое е потребна енергија за загревање на посевите под пластеници.

Како енергетски потенцијал на Вардарскиот регион од посебен интерес е искористувањето на хидропотенцијалот на реката Вардар со енергетскиот проект на Вардарска долина кој бара високи инвестициони вложувања. Вардарскиот регион има голем број сончеви часови во годината, како и значајно присуство на ветер, така што постои можност за искористување на енергијата на ветрот и сонцето.

# 4.

# Стратегиски насоки на развојот на Вардарскиот плански регион

## 4.1. Сумарен преглед на Стратегиите за локален развој на општините од Вардарскиот регион

| Општина | Приоритети |
|---|---|
| **Велес** | **<u>Економски развој</u>**<br>- Зајакнување на економската моќ на граѓаните преку воспоставување стимулатувни мереки за поддршка на економскиот развој<br>- Привлекување на странски инвестиции во Општина Велес<br>- Функционална патна и комунална инфраструктура( согласно стандарди)<br>- Поддршка на аграрот<br>- Развој на локалниот туризам преку промоција на природните потенцијали, традицијата и култруното наследство<br>**<u>Развој на образование, спорт  и култура</u>**<br>- Примена на стандардите за современо образование со континуирано вложување во неговиот развој<br>- Развој на квалитетниот спорт преку соодветно внимание на масовниот, училишниот и рекреативниот спорт.<br>- Унапредување на културно-забавниот живот во Велес<br>**<u>Заштита на животната средина</u>**<br>- Санација на последиците од загадувањето на  животната средина предизвикани во минатото<br>- Управување со отпад и отпадни води<br>- Заштита на природните реткости и убавини<br>**<u>Развој на здравствена и социјална заштита</u>**<br>*Здравствена заштита*<br>- Подобрување на здравјето и здравствената заштита  на целокупното население на Општина Велес преку превентивни активности<br>- Подигнување на  свеста за значењето на здравјето и здравствените ризици<br>- Формирање на регионален здравствен центар<br>*Социјална заштита*<br>- Зајакнување на улогата и капацитетите на социјалните институции на локално ниво<br>- Подобрување на условите за живот на социјално ранливи и маргинализирани групи во урбани и рурални средини<br>- Подигнување на свеста кај младите за заштита од девијантни појави и однесувања |
| **Кавадарци** | **<u>Економија</u>**<br>- Европски центар за производство на виното<br>- Обука за менаџерите<br>- Намалување на стапката на невработеност до 5%<br>**<u>Социјален  живот:</u>**<br>-Култура на живеење подигната на повисоко ниво<br>- Подигнување на културата на живеење на едно повисоко ниво<br>- Грижа за секого<br>**<u>Животна средина</u>**<br>- Уреден, чист и зелен град<br>- Решавање на проблемите со водата (снабдување и канализација)<br>- Еко-маркетинг |
| **Неготино** | **<u>Инфраструктура</u>**<br>- Решавање на проблемот со водоснабдувањето на општина Неготино до 2012 година, преку реконструкција на водоводната и канализационата мрежа на општината.<br>- Изградба на нови патишта и обнова на постојните, со што општина Неготино до 2012 година ќе биде општина со подобрена сообраќајна и целосно решена комунална инфраструктура. |

| | |
|---|---|
| | - Изградба, санирање и одржување на канализационата мрежа во руралните средини.<br>**<u>Социо-економски развој</u>**<br>- Намалување на процентот на невработеност до 2012 година, преку подобрената економска клима и партнерство, што ќе резултира со нови инвестиции во сто панството и со отворање на нови работни места, како и со развивањето на винарскиот туризам<br>- Промовирање и поддршка на планирано и организирано земјоделско производство, организиран откуп и производство на квалитетни производи по европски стандарди.<br>- Развој на алтернативен туризам<br>**<u>Образование и култура;</u>**<br>- Подобрено планско сеопфатно образование во општина Неготино, преку стандардни наставни програми, добри услови за работа и дополнителна едукативна настава со децата на најмаргинализираните групи на граѓани.<br>- Професионална ориентација во образованието и формирање центри за преквалификација и обука, можност за отворање на винарски смер во средното образование и на Институт за винарство, како високошколска институција.<br>- Подобрување на условите за културен развој преку зајакнување на постојните капацитети и реконструкција на културно-историските споменици во општина Неготино.<br>**<u>Социјална инклузија на ранливите групи.</u>**<br>- Иницијатива и поддршка на правењето пристапност до сите институции и на патиштата за лицата со хендикеп.<br>- Поддржување на јавни установи, сервиси за социјална заштита и вонинституционални форми на социјална заштита..<br>- Активно вклучување на лицата со хендикеп во економскиот и социјалниот живот на општината. |
| **Чашка** | **<u>Бизнис клима</u>**<br>- Преземање на мерки за зголемување на бројот и конкурентноста на МСП<br>- Креирање на локална политика за поддршка на постојните бизниси и привлекување на нови инвестиции заради отварање на нови работни места<br>- Зајакнување на капацитетите на јавната администарција за управување со општинските ресурси (имот, данок, градежно земјиште, финансии и човечки ресурси))<br>**<u>Туризам</u>**<br>- Истражување на можностите за развој на туризмот во општината<br>- Институционализирање на развојот на туризмот во општината<br>- Зголемување на бројот на посетители и туристи во општината<br>**<u>Земјоделство</u>**<br>- Воспоставување на мерки за оптимално искористување на земјоделските површини и пасишта<br>- Воспоставување на мерки за развој на современо земјоделие<br>- Создавање на водни заедници и системи за наводнување<br>- Воспоставување на мерки за развој на алтернативно земјоделие<br>- Создавање на услови за отварање на преработувачки и производствени капацитети<br>- Промовирање на локалното земјоделско производство<br>**<u>Меѓуетнички соживот</u>**<br>- Зачувување на меѓуетничкиот соживот<br>- Унапредување на меѓуетнички соживот<br>- Афирмација на меѓуетнички соживот<br>**<u>Урбан развој</u>**<br>- Подобрување на комуналната инфраструктура<br>- Подобрување на локалната и регионалната патна инфраструктура<br>- Подобрување на снабдувањето со електрична енергија<br>- Подобрување на условите за управување со отпад и заштита на животната средина |
| **Градско** | **<u>Развој на инфраструктурата и унапредување на животната средина</u>**<br>- Подобрување на водоснабдувањето<br>- Подобрување на канализационата (одводната) мрежа<br>- Подобрување на патната поврзаност<br>- Унапредување на животната средина<br>**<u>Развој на услугите во јавниот сектор</u>**<br>- Унапредување на условите за основното образование<br>- Унапредување на условите за средно образование<br>**<u>Подобрување на условите за здравствена заштита, со посебен осврт на пристапот и квалитетот до здравствените услуги на старите лица</u>**<br>- Унапредување на социјалната заштита на населението<br>- Унапредување на спортот и рекреацијата на населението |

| | |
|---|---|
| | - Унапредување на културното живеење на населението<br>**<u>Развој на аграрот, прехрамбено–преработувачката индустрија и туризмот</u>**<br>- Унапредување на аграрот и семејниот бизнис<br>- Унапредување на прехрамбено-преработувачкотоиндустриското производство<br>- Унапредување на алтернативниот-транзитниот туризам |
| **Демир Капија** | **<u>Инфраструктура</u>**<br>- Подобрување на патната инфраструктура<br>- Подобрување на водоснабдувањето во Општината<br>- Надоградба на канализационата мрежа<br>**<u>Земјоделството</u>**<br>- Подобрување на условите за развој на земјоделството и фармерството<br>- Промовирање на локалното производство<br>**<u>Туризам</u>**<br>- Подобрување на квалитетот и достапностата до информации поврзани со туризмот во Општината<br>- Зголемување на бројот на туристи<br>- Означување и уредување на 10 рекреативни локалитети и зони со природни реткости<br>**<u>Стопанство</u>**<br>- Развој и промоција на мали и средни претпријатија<br>- Подобрување на пристапноста до фондовите на ЕУ |
| **Свети Николе** | **<u>Економски развој</u>**<br>- Да се намали невработеноста преку подобрување на бизнис опкружувањето<br>- Да се создадат услови за поинтензивен локален и регионален развој преку изградба на нова и реконструкција на постоечка инфраструктура<br>- Да се обезбеди одржлив економски развој преку правилно искористување на енергетските потенцијали<br>**<u>Земјоделство и рурален развој</u>**<br>- Рурален развој преку максимално одржливо искористување на природните ресурси-земјоделско земјиште по катастарски општини (села) и човечките капацитети<br>- Унапредување на нивото на знаење на земјоделците<br>- Постигнување висока продуктивност преку организирано земјоделско производство и примена на нови технологии и иновации<br>- Градење на овчеполски земјоделски конкурентен идентитет преку промоција и континуиран маркетинг – локално гласило<br>**<u>Животна средина и природа</u>**<br>- Рационално и ефикасно искористување на сите водени ресурси во општина (вода за пиење и отпадни води)<br>- Заштита на животната средина преку одржливо управување со отпадот и природните богатства<br>- Заштита и промоција на културното наследство како основа за развој и унапредување на туризмот<br>**<u>Квалитет на живеење</u>**<br>- Подобрување на квалитетот на живеење преку унапредување на образованието, културата, спортот и рекреацијата<br>- Унапредување на здравствената и социјалната заштита<br>- Јакнење на граѓанскиот сектор |
| **Лозово** | **<u>Земјоделие</u>**<br>- Подобрен пласман на земјоделските производи<br>- Зголемен квалитетот и квантитетот на земјоделското производство<br>**<u>Животна средина</u>**<br>- Подобрени комунални услуги<br>- Заштита на животната средина<br>- Изградена и ревитализирана патната инфраструктура<br>**<u>Економија, социјални и здравствени услуги</u>**<br>- Намалена невработеноста<br>- Зголемени инвестиции<br>- Подобрен финансискиот капацитет на ЕЛС<br>- Подобрени социјалните и здравствените услуги на граѓаните |
| **Росоман** | **<u>Земјоделие</u>**<br>- Подобрување на пласманот на земјоделските производи<br>- Зголемување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство<br>**<u>Инфраструктура</u>**<br>- Подобрување на снабдувањето со електрична енергија |

| | |
|---|---|
| | - Заштита на животната средина<br>- Ревитализација на патната инфраструктура<br>**<u>Економија</u>**<br>- Намалување на невработеноста<br>- Зголемување на инвестициите<br>- Подобрување на условите за развој на семеен бизнис и развој на мали и средни претпријатија |

Споредувањето на развојните документи на општините од регионот укажа на една разнобразност во употребениот методолошки пристап при подготовката на документите. Соодветно на тоа се појавија сериозни разлики во нивниот облик и содржина, што резултираше со потешкотии во извлекувањето на заедничките развојни приоритети. Заради тоа, тој процес беше реализиран не само врз основа на споредба на документите, туку и врз основа на разговори со соодветните лица во општините задолжени за спроведување на општинските развојни активности.

Карактеристично за сите стратегиски документи кои го насочуваат општинскиот развој во идните 5-10 години и присутноста на следниве развојни области:

- Поддршка на развојот на стопанството и економијата;
- Унапредување на животната средина;
- Развој на земјоделието;
- Подобрување на инфраструктурата, и
- Развој на туризмот.

## 4.2. Насоки за развој на Вардарскиот плански регион од Стратегијата за регионален развој на Република Македонија

Во согласност со законската рамка за водење на политиката на рамномерен регионален развој, Националната стратегија за регионален развој е основен национален документ за планирање на регионалниот развој во Република Македонија. Во неа се дефинираат концептот, стратегиските цели и приоритетите на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој во Македонија за периодот 2008-2018, заедно со насоките за развој на планските региони. Овие насоки се наменети да послужат како основа при изработка на планските документи на регионално ниво, а прикажани се подоле.

1. Намалување на нерамномерната дистрибуција на населението во регионот изразена преку висока концентрација во поголемите урбани центри (Велес и Кавадарци)
   - 1.1. Подобрување на условите за живот и работа во малите општини
   - 1.2. Демографска и економска ревитализација на руралните средини
   - 1.3. Поголема покриеност на регионот со просторно-планска документација и нејзина реализација

2. Подобрување на демографската состојба во регионот
   - 2.1. Поттикнување на наталитетот во општините со негативен или мал пораст на населението
   - 2.2. Намалување на смртноста на доенчињата
   - 2.3. Намалување на внатрешните миграции (од помалите општини и руралните подрачја кон големите општински центри во регионот и надвор од него)
   - 2.4. Намалување на емиграцијата во странство, посебно интелектуалната емиграција
   - 2.5. Подигање на нивото на здравствените услуги и подобрување на социјалната заштита на населението

3. Подигнување на образовното ниво на населението
   - 3.1. Поголем опфат на населението во средното и високото образование
   - 3.2. Развивање на системот на доживотно учење
   - 3.3. Прилагодување на образовниот процес на потребите на стопанството во регионот

4. Зголемување на нивото на економска развиеност на регионот
   - 4.1. Поттикнување на натамошниот развој на постојните индустрии во регионот, посебно металната, тутунската, винската и прехранбената индустрија
   - 4.2. Поттикнување на инвестиции за подигање нови квалитетни насади во овоштарството и лозарството
   - 4.3. Отворање на регионален центар за земјоделски производи
   - 4.4. Обезбедување на едноставен, брз и лесен пристап на земјоделските производители до агро-берза
   - 4.5. Поттикнување на инвестиции во капацитети за преработка на земјоделски производи
   - 4.6. Поттикнување на развојот на винскиот туризам (во Тиквешијата) и планинскиот туризам (ски-центар на Кожуф)

5. Намалување на стапката на невработеност

5.1. Креирање на нови работни места
5.2. Зголемување на флексибилноста на работна сила преку достапност на системот за преквалификации до сите кои бараат работа
5.3. Зголемување на квантитетот и квалитетот на расположивата работна сила

6. Подобрување на транспортната инфраструктура во регионот

6.1. Подобрување на патната инфраструктура преку модернизација и изградба на нови делници и реконструкција на постојните. Приоритетни проекти се изградбата на делницата Демир Капија – Смоквица, изградбата на патниот правец Велес – Прилеп преку Бабуна и изградбата на патот Демир Капија – Кожуф
6.2. Подобрување на локалните патни мрежи од страна на општините, посебно кон руралните планински области каде има потенцијал за развивање на туризмот
6.3. Подобрување на железничката инфраструктура преку реконструкција на постојната железничка мрежа и изградба на мултимодален транспортен јазол во Велес

7. Подобрување на комуналната инфраструктура во регионот

7.1. Подобрување на водоснабдувањето во регионот преку користење на акумулацијата Лисиче, проширување на системот Лукар, санација и реконструкција на постојните мрежи и изградба на нови резервоари
7.2. Подобрување на одведувањето и пречистувањето на отпадните води преку проширување на канализационите мрежи во градските средини, дооформување на колекторските системи, изградба на нови канализациони мрежи во поголемите рурални средини, изградба на мрежи за одведување на атмосферските води во градските средини и изградба на пречистителна станица за отпадни води во градот Велес
7.3. Подобрување на управувањето со цврстиот отпад во регионот преку изградба на нова регионална депонија

8. Обезбедување на здрава животна средина во регионот

8.1. Подигнување на санитарно-технички стандарди за безбедно депонирање на отпадот на постојните депонии
8.2. Рециклирање на преработка на отпадот
8.3. Рекултивирање на почвата заради подобрување на нејзиниот квалитет (посебно во Велес и неговата околина)
8.4. Поттикнување на инвестиции кои не ја загадуваат животната околина

9. Користење на енергетските потенцијали на регионот

9.1. Спроведување на гасоводниот систем до ТЕЦ Неготино за производство на електрична енергија
9.2. Искористување на хидропотенцијалот на реката Вардар преку реализација на енергетскиот проект „Вардарска долина“
9.3. Поттикнување на користењето на енергијата на сонцето и ветерот

10. Подигнување на капацитетите за планирање на развојот на регионот

10.1. Подигнување на институционалните капацитетите на регионот и општините за планирање на развојот на регионот и општините
10.2. Обезбедување добра статистичка основа за планирање на развојот на регионот

## 4.3. Дефинирани области за развој на Вардарскиот регион

Врз основа на споредбата на развојните приоритети во општините кои се дел од Вардарскиот регион и насоките за развој на регионот дефинирани во Националната стратегија за регионален развој, работната група за развој на Вардарскиот регион ги дефинираше следниве области за развој на Вардарскиот регион:

### I. Економски развој и индустриско производство

Имајќи го предвид проблемот на невработеноста како еден од најголемите проблеми во Македонија, а соодветно на тоа и во Вардарскиот регион, економскиот развој е основна област за планирање на развојот. Основни цели во рамките на оваа област се:

- Намалување на невработеноста;
- Создавање на услови за поинтензивен локален и регионален развој;
- Обезбедување на одржливо искористување на енергетските потенцијали;
- Зајакнување на економската моќ на граѓаните, и
- Привлекување на странски инвестиции во регионот / општините од регионот.

### II. Туризам , култура и спорт

Вардарскиот регион има поволни ресурси за развој на транзитен, одржлив и културен туризам, а со оваа стратегиска област ќе се фокусира на искористување на тие ресурси. Основни задачи во рамките на оваа област се:

- Промоција на природните потенцијали и традицијата;
- промоција и унапредување на културното наследство, и
- Афирмација и развој на спортот во регионот.

### III. Инфраструктура

Квалитетот на инфраструктурата и енергетиката мора да ги следи потребите на стопанството и граѓаните и нивната недоволна развиеност претставува кочница за развојот. Соодветно на тоа, оваа стратегиска област има за цел создавање на услови за развој  на регионот и подобрување на квалитетот на живот преку подобрување на инфраструктурата, односно искористување на регионалните извори на енергија. Основни цели во рамките на оваа област се:

- Подобрување на функционалноста на патната и комуналната инфраструктура, и
- Искористување на енергетските потенцијали во насока на поддршка на развојот.

### IV. Животна средина

Планирањето на развојот во Вардарскиот регион за базира на принципите на одржлив развој и изградба на здрава животна и работна средина. Во согласност со тоа, основни задачи во рамките на оваа област се:

- Подобрување на квалитетот на планирањето и управувањето со животната средина;
- Санација на последиците од загадувањето на  животната средина предизвикани во минатото, како и
- Рационално и ефикасно искористување на расположивите природни ресурси.

### V. Земјоделие и рурален развој

Вардарскиот регион има долга и успешна традиција во производство на храна. Заради тоа, оваа стратегиска цел има големо значење за регионалниот развој како област со значајни површини на обработливо земјиште и пасишта, односно постоење на значителни количества на слатки води. Со дефинирањето на оваа стратегиска развојна област ќе се обезбеди:

- Зајакнување на агро-комплексот, и
- Поголемо искористување на потенцијалите на регионот за производство на храна.

## VI. Образование

Оваа стратегиска развојна област е посветена на создавањето на услови за развивање и унапредување на знаењата, а со тоа и за остварување на одржлив развој односно подобрување на културата на живеење на граѓаните на Вардарскиот регион. Воведувањето на високи стандарди во образованието ќе придонесат за развој на слободата на умот, знаењето, иновациите и креативноста како темели на развојот и благосостојбата на секој граѓанин на Вардарскиот регион. Основни задачи во рамките на оваа област се:

- Решавање на инфраструктурните потреби во образованието
- Создавање на еднакви можности за образование во сите средини
- Согледување на потребите за профилирање на кадар во функција на регионалниот развој
- Јакнење на педагошко-стручните капацитети на наставниот кадар

# 5.

## Анализа на состојбите во Вардарскиот плански регион

### 5.1 Севкупна SWOT анализа на ситуацијата во Вардарскиот регион

Како основа за поставување на приоритетите за економски развој во идниот временски период и дефинирање на Визија на Вардарскиот регион беше потребно да се изврши стратегиска анализа и дијагностицирање на состојбата. Тоа беше направено врз основа на податоците обезбедени во Профилот на регионот, земајќи ги истовремено предвид неговите внатрешни карактеристики заедно со влијанијата кои произлегуваат од опкружувањето. Анализата на јаки и слаби страни, можности и закани (SWOT-анализата) како основна алатка на Работната група за развој на Вардарскиот регион во процесот на стратегиска анализа на постоечката економска ситуација, овозможи дефинирање на појдовни основи за клучните влијанија на внатрешната состојба и надворешното опкружување врз сегашната и идната (посакувана) состојба на регионалната заедница.

Појдовна основа за SWOT анализата беа таканаречените „тврди“ и „меки“ фактори на стопанската структура на регионот кои спаѓаат во групата на интерни фактори. Во групата директни, односно тврди фактори на стопанската структура беа анализирани пазарот на работна сила, сообраќајните врски, природните ресурси и карактеристиките на земјиштето итн. Во групата на посредни, односно меки фактори на стопанската локација беа земени предвид факторите кои се однесуваат на задоволување на индивидуалните потреби на граѓаните, и фактори кои се однесуваат на задоволување на специфичните потреби на претпријатијата односно деловниот амбиент и имиџот на регионално и на национално ниво.

За да се премости јазот меѓу посакуваната и постојната состојба во регионот, Работната група обрна посебно внимание на факторите од интерен карактер на кои општините од регионот можат да делуваат (јаките и слабите страни), но не ги занемари екстерните фактори (можностите и опасностите на опкружувањето) на кои тие не можат да делуваат. Со програмите предвидени со оваа Програма ќе биде направен напор за искористување на можностите како основа, односно амортизација на заканите како пречка за развојот. Резултатите од SWOT – анализата на регионот заедно со дополнителните објаснувања за нивниот избор во контекст на регионалниот економски развој се прикажани во следниов матричен формат.

| **Предности // Силни страни** | |
|---|---|
| *Централна географска поставеност на регионот во земјата* | Вардарскиот регион го зафаќа централниот дел на Македонија до границата со Република Грција на југ. Регионот е транзитен центар, се протега долж патниот правец север-југ Белград – Скопје – Солун – Атина (односно Коридорот 10) и претставува место за вкрстување со патниот правец исток-запад кој ги поврзува западниот и источниот дел на Македонија Албанија – Охрид – Битола – Велес – Штип – Делчево – Бугарија. Граничење со скопскиот плански регион овозможува брз пристап до главниот национален аеродром, Александар Велики во Скопје |
| *Развиена регионална и локална инфраструктура* | Во регионот постои опфатна изградена инфраструктура (регионална и локална патна; железничка; електрична и комуникациска), а наедно над 90% од урбаните средини се покриени со канализациона мрежа. Вкрстувањето на главните патни правци обезбедува добра сообраќајна поврзаност. Регионот располага со дигитали- |

| | |
|---|---|
| | зирана телекомуникациска инфраструктура, четири индустриски зони и енергетски комплекс (ТЕЦ Неготино и трафоастаница Дуброво) од национално значење. |
| *Поволни климатски услови за развој на земјоделието* | Во регионот има големи површини со обработливо земјиште и богато искуство за производство на традиционални полјоделски, овоштарски и лозарски. Климатските услови, односно надворешната температура, количината и распореденоста на врнежите, заедно со почвените фактори се силна страна која дава добра основа за развој на заемјоделието. Истовремено, регионот има добра инфраструктура за поддршка на земјоделските системи (4 леталишта за стопанска авијација) и одлични хидрографски потенцијали за развој на земјоделието (3 вештачки езера и разгранета речна мрежа). |
| *Развиени капацитети за производство на вино* | Вардарскиот регион е место каде е концентрирано повеќе од 40% од површините под лозови насади и повеќе од 30% од производството на вино во Македонија. Тоа е резултат на одличните климатско-почвени услови за развој на лозарството, надополнето со традицијата на производство на вино и алкохолни пијалоци. |
| *Услови за развој на туризмот* | Регионот има одлични природни, културно - историски и комуникациски потенцијали за развој на туризмот. Локацијата е сериозен потенцијал за развој на транзитниот туризам, формираната Фондација Тиквешки вински пат (Неготино, Кавадарци, Демир Капија и Росоман) е основа за развој на алтернативниот и винскиот туризам, додека скијачкиот центар Кожув кој е сè уште во иницијалите фази на своето постоење ја надополнува основата со можности за развој на зимскиот (па и летниот) туризам. Истовремено, постоење на терени за лов овозможуваат развој на ловниот туризам. Дополнително на веќе наведените специфики, регионот има богатство на културно наследство (археолошкиот локалитет Стоби, голем број на традиционални градби, историски споменици, како и значајни верски објекти)., како и повеќе од 30 сместувачки капацитети за припрема на спортски екипи и одржување на културно - забавни активности |
| *Природни услови за користење на алтернативните извори на енергија* | Климатските услови во Вардарскиот регион се одлични за искористување на сончевата енергија (просечниот број на сончеви часови изнесува помеѓу 2200 и 2800 во зависност од географската локација во регионот) и енергијата на ветрот во Овчеполието каде се започнати сериозни напори за изградба на паркови на ветерници. |

| **Слабости // Слаби страни** | |
|---|---|
| *Демографско стареење на населението и негова ограничена образовна надградба* | Регионот се соочува со забрзано демографско стареење на населението и намалување на младата популација. Високиот степен на невработеност, миграциите и големиот број на социјални случаи е резултат на неповолниот економски развој во текот на последниот период, но истовремено и на недоволно високото просечно ниво образование, ограничената образовна надградба оид практичен калибар и недоволна употреба на модерни технологии. |
| *Незадоволителни инфраструктурни и комунални услови во руралните средини* | Дел од постоечките магистрални, регионални и локални патишта се во незадоволителна состојба, а непрменувањето на санитарно-технички стандарди за безбедно депонирање на цврст комунален отпад резултира со постоење на голем број диви депонии во руралните средини. Истовремено, во летните месеци се јавува недостаток на вода за пиење заради застареност на дел од системите за водоснабдување. За разлика од урбаните средини, канализациона мрежа во руралните средини е неразвиена. |
| *Натпросечно загадување на животната* | Како последица на работата на неколку поголеми индустриски загадувачи (РК Фени, ТЕЦ Неготино, МХК, БИМ Свети Николе) и недоволниот капацитет за пречистување на комуналните и индустриските отпадни води, животната средина |

| | |
|---|---|
| *средина во дел од урбаните средини* | во Вардарскиот регион е на некои места со натпросечно загадување. Општинот недостаток на еколошка свест и слабата регионална соработка на ова поле не овозможува обезбедување на целосна покриеност со мерни станици за загадувањето на почвата, воздухот и водата. |
| *Неподготвена јавна администрација за барањата во дел од децентрализирани те надлежности* | Општините во Вардарскиот регион имаат слаб финансиски капацитет што во голема мерка оневозможува целосна реализација на децентрализираните надлежности. Постои нецелосна покриеност на населените со урбанистички планови, а во урбаните средини каде ги има, тие се застарени и потребна е нивна ревизија заедно со подго-товката на подземен катастер. Во текот на работата е многу тешко да се евидентира координација помеѓу општините и институциите што резултира во мешање на политиката во професионалните активности и перцепција на бавна администрација. |
| *Непостоење на институционална инфраструктура за поддршка на развојот на земјоделието и бизнисот* | Врските помеѓу јавниот и приватниот сектор во регионот се недоволно развиени и тоа резултира со непостоење на регионални тела за поддршка на развојот на земјоделието или бизнисот. Регионот (ниту пак најголемиот дел од општините) нема јасно профилирани системски политики за привлекување на инвестициски капитал и нема мерки за поддршка на бизнисот. И покрај постоењето на Стратегиски планови за локален економски развој во поголемиот дел од општините, сеуште не постои системски пристап во поддршката на МСП, постои недостаток на искуства во поддршката на развојот на бизниси и недостигаат субвенционирани консултански услуги во областите на пласман и маркетинг. |
| *Низок економски развој во руралните средини* | Голем број од индивидуалните земјоделци не се регистрирани како економски субјекти и не се во можност во целост да ги користат државните бенефициите. Откупот на земјоделски производи во голема мерка е неорганизиран, а голем број од производителите на храна немаат модернизиран пристап во работењето што придонесува за низок економски развој во руралните средини. |
| *Непостоење на туристичка понуда за регионот* | Непостоењето на регионална туристичка понуда не овозможува афирмација на културното наследство (манастири, археолошки локалитети, културни споменици) и валоризација на археолошките капацитети. Регионот нема организирана туристичка промоција, организиран прием на туристи и/или туристички водичи. Културните собири вообичаено се изведуваат без некоја поголема регионална соработка. |

| **МОЖНОСТИ** | |
|---|---|
| *Можности кои произлегуваат од Македонската интеграција во ЕУ* | Со добивањето на кандидатскиот статус, Европските фондови за поддршка на развојот (во оваа фаза ИПА фондовите, а во следните фази на развојот и Европските структурни фондови) станаа достапни за субјектите од јавниот и приватниот сектор од Македонија. Во тој контекс најмногу можности за развој нуди програмата за прекугранична соработка со општините од Грција како гранична земја на Вардарскиот регион. Истовремено, недопрени потенцијали стојат на располагање на регионот и на општините од регионот за развој на економијата (бизнисот) преку соработка и размена на искуства со збратимени региони и градови од други Европски земји. Националните и меѓународните фондови можат да помогнат многу во тој контекст.<br>Светските трендови во побарувачка ќе бидат искористени во насока на економски развој. Зголемен тренд на побарувачка за текстилни производи и здрава храна (органско производство) на Светските пазари, како и следење на светски трендови во развојот на одржлив туризам и заинтересираност на туристичките оператори ќе бидат основа за креирање на соодветна понуда. |
| *Централните Владини политики* | Националната стратегија за регионален развој и Програмата за развој на Вардарскиот регион (подготвени во согласноснт со Законот за рамномерен регионален развој) ќе |

| | |
|---|---|
| *како поле за интеграција на регионалните и локалните политики* | овозможат динамизиран развој на регионот преку реализација на средствата од државниот Буџет за регионални развојни проекти, како и проекти за развој на селата, односно развој на областите со специфични развојни потреби. Во тој однос, регионално вмрежување и целосна поддршка од Центарот за развој на Вардарскиот регион нудат големи можности за динамизирање на развојот и фаќање приклучок кон развојот на соседните општини/региони.<br>Истовремено, регионалната економија може многу да профитира од искористувањето на постоечки државни иницијативи за поддршка на економскиот развој. Зголемениот интерес на државата за земјоделското производство, зголемувањето на износите на стимулациите за производство на органска храна (премии, регресии, субвенци, сл), односно искористувањето на поволните услови за инвестирање според Законот за слободни економски зони ќе бидат искористени низ поединечни проекти во рамките на регионалниот развоен план, но и во рамките на локалните стратегии за (еконоомски) развој.<br>Дополнително на сѐ, објектите кои се во сопственост на државата, а доделени на управување на општините ќе бидат искористени во насока на поддршка на бизнисот, лобирањето и промоцијата на регионот на национален и меѓународен план. |
| *Природни ресурси и климатски услови* | Создавање на услови за искористување на водното, шумското и рудното богатство, односно поддршката на развојот на земјоделство и сточарството ќе овозможи побрз економски развој на регионот. Искористување на постоечките општински материјални ресурси во насока на поддршка на бизнисот ќе придонесе за интензивирање на локалната економија.<br>Истовремено, насочувањето на приватниот сектор кон проекти и производни капацитети кои имаат поголема додадена вредност (алтернативни извори на енергија, капацитети за пакување на вино во шишиња, капацитети за вода за пиење, итн,) наспроти користење на ресурсите само како основни материјали ќе овозможи забрзување на развојот. |
| *Можности за интегрално комуникациско поврзување со непосредната и подалечна економска околина* | Подобрувањето на патната, комуналната и образовната инфраструктура и услуги ќе го подигнат квалитетот на живот и ќе направат регионот попривлечен за инвестирање. Активирањето на постоечките индустриски зони ќе овозможи подобри услови на развој на МСП, нови инвестиции во регионот, а со тоа и нови вработувања. Близината до транспортните коридори (8 и 10) кои предвидуваат железничко, енергетско, комуникациско и друмско поврзување со непосредната и подалечна економска околина (Грција на југ и преку останатиот дел од Македонија на север со Србија, на запад со Албанија и на исток со Бугарија) ќе биде искористена како стимул за развојот. |
| *Зголемување на интересот за алтернативни облици на туризам* | Развој на транзитниот, руралниот (планински, селски, ловен и манастирски) односно културниот туризам ќе ја промовираат конкурентноста на регионот како домашна и меѓународна туристичка дестинација преку воспоставување на соодветни капацитети во рамките на општините и создавање на услови кои ќе и овозможат на приватната иницијатива поттикнување на развојот на туризмот, притоа истовремено заштитувајќи го природното и културно-историското наследство. |

| **ЗАКАНИ** | |
|---|---|
| *Неискористени потенцијали за регионалниот развој во земјата како последица на инертноста во спроведувањето* | Нееднаквиот однос помеѓу локалната (и регионалната) и централната власт, монополска позиција на институциите на централната власт во одредени сегменти (дозволи), како и контролата над државното земјиште од страна централната власт во голема мерка ја ограничуваат реализацијата на локалниот потенцијал. Од друга страна, начинот на кој се спроведува процесот на децентрализација резултира со недостиг на средства за финансирање на локалниот и регионалниот развој. Соработката со државните административни органи не оди секогаш со посакуваната |

| | |
|---|---|
| *на законските решенија* | динамика (недовршен процес на денационализација, нелојална конкуренција, рестриктивна социјална политика, итн.).<br>Наедно, регионалниот (економски) развој е и област на растечка конкуренција помеѓу регионите и општините за добивање на средства за поддршка на рамномерниот регионален развој и од државниот буџет за капитални инвестиции . Иако, тоа се сериозни можностите за поттикнување, но и за регионално дисперзирање на економскиот развој, нивното неправилно спроведување може да биде и закана. Исто така инертноста во спроведување на законска регулатива во различни области е закана која резултира со различни проблеми и потешкотии за регионалниот економски развој (постоење на диви депонии, потешкотии во реализацијата на јавно-приватни-партнерства итн.) |
| *Намалување на потенцијалот на целните пазари како последица на актуелните економско-стратегиски случувања* | Растечкиот интерес на меѓународните пазари за инвестирање во Македонија може значително да се намали доколку интеграцијата на Македонија биде сериозно забавена како последица на спорот со Република Грција за името. Тоа може да има сериозни последици на економскиот развој на земјата, а со тоа и на регионот, исто како што случувањата на север од земјата и односите помеѓу Србија и Косово, поставуваат потенцијални пречки на транспортот на стоки кон земјите од Европската Унија.<br>Истовремено, зголемување на цената на енергенсите и суровините во последниот период можеби паѓаат во втор план со влегувањето на најголемите македонски трговски партнери во рецесија која може сериозно да се пренесе во реалната економија. |
| *Економски развојни политики за кои заштита на животната средина не е приоритетна* | Заради негативното искуство со неколку значајни индустриски загадувачи, животната средина е посебно важна тема во регионот. Три индустриски контаминирани локалитети „жаришта“ се лоцирани во регионот: Топилницата за олово и цинк и Хемиската индустрија во Велес, односно топилницата за феро-никел Фени во Кавадарци. Во тој контекст, рестартирање на топилницата за олово и цинк е ценета како голема закана за животната средина во регионот.<br>Истовремено, непостоењето на системи за собирање и третман на цврстиот отпад, како и непостоењето на канализациони системи и пречистителни станици во голем дел од руралните населени области во регионот се сериозно закана за природните убавини на регионот. |
| *Отежнати услови за бизнис заради селективно спроведување на законската регулатива* | Оддалеченоста и сложените процедури на одредени државни институции кои се од интерес на бизнис секторот го оневозможуваат растот. Истовремено, неповолна политика на кредитирање од страна на банките и непостоењето на повластени услови на фирми во рурални средини како резултат на инертниот банкарски систем создаваат дополнителни ограничувања на развојот. Деловната недоверба, тешката наплата и локална корупција, се исто така значајни во ограничувањето на локалните деловни активности како последица на непочитување на бизнис процедурите и етичките правила. Конечно, тешкотии при патување во странство поради визниот режим се сериозен ограничувачки фактор и закана за бизнисот |
| *Намалување на регионалниот економски потенцијал како резултат на одлив на кадри и намалување на младото население* | Вардарскиот регион е регион со потпросечна густина на населеност (38 жители на $km^2$) и релативно низок прираст на населението. Регионот се соочува со одлив на кадар и работна сила во поголемите центри и целосно негативни демографски трендови, при што посебно загрижува иселувањето на младото население. Миграционите движења резултираат со огромно намалување на населението во повеќето села (густината на населението во општина Чашка е 8 жители на $km^2$). Тоа предизвика напуштање на големи површини обработливо земјиште, пасишта, ливади и шуми кои, како економски потенцијал, останаа неискористени. |

5.2. Главни заклучоци од SWOT анализата на регионот

Стратегиската анализа на состојбите во регионот дозволува извлекување на следниве заклучоци:

- Развојот во Вардарскиот регион ќе се базира на принципите на одржлив развој и изградба на здрава животна и работна средина.
- Искористување на природните ресурси и производството на храна се важни оски на кои треба да се гради економскиот развој на регионот.
- Добрата географска локација и развиената инфраструктура заедно со традицијата и богатото историско и културно наследство се основа за изработка на квалитетна туристичка понуда која би водела кон креирање на нови работни места, зголемување на приходите и подобрување на животниот стандард на локалното население.
- Развивањето и унапредувањето на знаењата и зајакнувањето на културата на живеење на граѓаните на Вардарскиот регион ќе даде полн придонес за остварување на одржлив економски развој и подобрување на квалитетот на живеење во регионот. Воведувањето на високи стандарди во образованието ќе придонесат за развој на слободата на умот, знаењето, иновациите и креативноста како темели на развојот и благосостојбата на регионот.
- Независно од вертикалната секторска припадност, економскиот развој во регионот истовремено мора да се потпира на малите и средни претпријатија. Заради тоа потребно ќе биде спроведување на низа конкретни мерки за поддршка кои ќе ја имаат оваа деловна група за своја цел.

Идниот развој на Вардарскиот регион дополнително ќе се потпира на активирање, надградба и изградба на инфраструктурата како важен елемент за развојот. Инструментите за поддршка на економскиот развој (национални и меѓународни) ќе бидат искористени во насока на поддршка на одржливиот економски развој, како и во насока на подобрување на образовната надградба на населението и зголемувањето на употребата на модерни технологии. Општините во рамките на Вардарскиот регион во рамките на своите можности ќе треба да се насочат кон подобрување на условите за развој на претприемништвото, зголемување на искористеноста на природните ресурси и кон подобрување на урбанистичките, санитарните и инфраструктурните услови за развој на регионот.

*Заклучоци од SWOT анализата на условите за развој на економијата и индустриското производство во Вардарскиот регион*

Централна географска поставеност во земјата и вкрстувањето на главните патни правци, заедно со близината до Скопскиот плански регион и развиената регионална и локална инфраструктура соодаваат добри претпоставки за забрзан економски развој на регионот. Постоечките индустриски капацитети можат да бидат добра основа за надградба на индустрискиот потенцијал и заедно со производството на храна и вино да го водат тој процес. Сепак, непостоењето на институционална инфраструктура за поддршка на развојот на бизнисот, отежнатите услови за бизнис заради селективно спроведување на законската регулатива и намалувањето на регионалниот економски потенцијал како резултат на одлив на кадар и намалување на младото население се сериозни ограничувања на кои мора да се обрне внимание.

Рестартирање на постоечките прозиводствени капацитети, афирмирање на индустриските зони каде би можеле да се вреднуваат предностите на регионот, како и искористувањето на можностите од поврзувањето со соседните земји преку облиците на прекугранична соработка се правците на идниот развој.

*Заклучоци од SWOT анализата на условите за Туризам, култура и спорт во Вардарскиот плански регион*

Врз основа на анализата на постоечката состојба во областа на Туризмот, културата и спортот во Вардарскиот плански регион може да се извлечат следните заклучоци:

- Во регионот постојат значителни потенцијали за развој на одржливи видови на туризам, посебно во областа на културата и традицијата, како и изобилство на археолошки локалитети кои само делимично се ставени во функција на туризмот. Посебни напори се направени во развојот на Винскиот туризам како традиционално обележје на регионот, и овој вид на туризам се издвојува како посебно важен, и перспективен имајќи ги во предвид светските трендови на зголемена побарувачка на туристички услуги од ваков и сличен вид. Регионот е релативно добро инфраструктурно поврзан и достапен, меѓутоа во овој момент не постојат поволни услови за задржување на транзитните туристи.
- Од масовните туристички видови постои само еден потенцијал а тоа е ски-центарот Кожув, кој перспективно би можел да претставува предводник на целокупната туристичка индустрија во регионот.
- Основа за зајакнување на оваа гранка треба да претставува регионалниот пристап во развојот и промоцијата, како и обновувањето и изградба на нови современи сместувачки капацитети кои би можеле да одговорат на зголементата туристичка побарувачка во регионот.

*Заклучоци од SWOT анализата на условите за развој на инфраструктурата во Вардарскиот плански регион*

Централна географска поставеност на регионот во земјата овозможува одлична инфраструктурна и енергетска поврзаност на регионот со сите останати делови на земјата. Во регионот постои опфатна изградена инфраструктура (регионална и локална патна; железничка; електрична и комуникациска), а наедно над 90% од урбаните средини се покриени со канализациона мрежа. И покрај тоа, инфраструктурните и комунални услови во руралните средини не се на потребното ниво. Дел од постоечките локални патишта се во незадоволителна состојба, а неприменувањето на санитарно-технички стандарди за безбедно депонирање на цврст комунален отпад резултира со постоење на голем број диви депонии во руралните средини. Истовремено, дел од водоснабдителните системи се застарени, а канализациона мрежа во руралните средини е неразвиена.

Како основа за подигнување на квалитетот на живот, идниот развој во оваа област ќе биде концентриран на подобрувањето на патната, комуналната и образовната инфраструктура и услуги и искористувањето на природните услови за генерирање на енергија од алтернативни извори. Истовремено, комуникациското поврзување со непосредната и подалечна економска околина ќе го направат регионот попривлечен за инвестирање. Паралелно со тоа, искористувањето на можностите кои произлегуваат од Македонската интеграција во ЕУ ќе биде во насока на валоризација на потенцијалите кои стојат на располагање на регионот и на општините од регионот за нивен развој. Националните и меѓународните фондови можат да помогнат многу во тој контекст.

*Заклучоци од SWOT анализата на условите за заштита и развој на животната средина во Вардарскиот плански регион*

Во рамките на анализата на животната средина во регионот мора да се истакнат микро-регионалните карактеристики во одредени делови кои не би можело да се дозволи да го окарактеризираат целиот регион, меѓутоа се од огромно национално значење. Од една страна регионот се карактеризира со големи природни потенцијали и изобилство на природни ресурси како вода, шуми, реки, минерални суровини, ливади, пасишта и сл. Како и големи потенцијали за производство на „чиста“ енергија заради големиот број на сончеви часови и

значајното присуство на ветер, како и огромниот хидрографски потенцијал. Наспроти ова, одредени делови од регионот се наоѓаат на листата на „жешки точки“ заради присуството на големите индустриски загадувачи и несоодветната и недоволна контрола и спречување на загадувањето од страна на надлежните институции. Покрај индустриските загадувачи, како најголеми потенцијални проблеми во животната средина се издвојуваат, непостоењето на соодветен систем за пречистување на отпадните води, непостоење на соодветен систем за управување со отпадот, како и недоволно развиената еколошка свест на граѓаните.

Светските економски трендови во голема мера влијаат на загадувањето на животната средина, и како одговор на трендот на пораст на цената на енергијата, огромен потенцијал за регионон претставува поврзувањето на гасоводниот систем, и пренасочување кон искористувањето на „чистите“ видови на енергија.

*Заклучоци од SWOT анализата на условите за развој во земјоделието и руралните средини*

Вардарскиот плански регион поседува големи потенцијали за развој на современо земјоделство, што може да се заклучи преку постоењето на големи обработливи површини, голем број на сончеви часови во текот на годината како и изградените хидроакумулациони системи. Исто така регионот претставува лидер во државата во развојот на винската индустрија, и производство на висококвалитетни вина.

Во оваа смисла како ограничувачки фактори може да се набројат несоодветно едуцираниот кадар, недоволната населеност на ридско-планинските региони, недоволно организираниот откуп и непостоењето на регионална агро берза. Исто така, нелојалната конкуренција , глобалните климатски промени, зголемената цена на енергијата како и скапите земјоделски машини во голема мерка се одразуваат на развојот на земјоделството во регионот.

*Заклучоци од SWOT анализата на условите за развој на образованието како стратегиска област за развојот во Вардарскиот плански регион*

Образованието е една од основните стратегиски области во Вардарскиот плански регион. Од анализата на јаките и слабите страни како и можностите и ограничувањата кои во моментот постојат, може да се заклучи дека постои многу добра основа за развој на високообразуван кадар, посебно со отворањето на високо-образовните установи во регионот, и добрата дисперзираност на останатите образовни институции. Основните проблеми во образованието се засновани на техничката опременост или застареност на образовните објекти и опрема, кои пак се одразуваат на квалитетот на продуцираните кадри. Сепак мора да се истакне дека во областа на образованието најголемата закана на долг рок, претставува забрзаното демографско стареење на населението, што директно се одразувана квантитетот на продуцирани соодветно едуцирани кадри.

# 6.

## Визија и Стратегиски насоки на развојот на Вардарскиот плански регион

### 6.1. Визија за развој на Вардарскиот плански регион

Визијата за развој на Вардарскиот плански регион е дефинирана согледувајќи ги резултатите од SWOT анализата (генералната, како и поединечните анализи по стратегиска област) истовремено земајќи ги предвид стратегиските развојни приоритети на општините во состав на регионот, како и насоките за развој на регионот поставени во Националната стратегија за регионален развој. Таа го опишува консензусот за посакуваната иднина на својата заедница на заинтересираните страни вклучени во процесот на стратегиско планирање на развојот на регионот.




Јасно се гледа врската помеѓу политиките за развој (стратегиските области и цели) и зацртаната крајна цел (визијата) – регионот да биде инфраструктурно развиен со создадени услови за забрзан економски развој што ќе резултира со подобар квалитет на живеење на сите граѓани.

## 6.2. Стратегиски област на развојот на Вардарскиот плански регион

### 1. Економски развој и индустриско производство

Постигнување на забрзан економски развој на регионот и зголемување на индустриското производство се цели кои ќе се постигнат преку зголемување на конкурентсноста на стопанството и обезбедување на соодветна работна сила. Предвидената поддршка за подобрување на работењето на деловните субјекти во регионот како носители на економскиот развој, ќе придонесе за зголемување на нивниот капацитет за постигнување на профитабилно работење.

### 2. Туризам, култура и спорт

Како што беше веќе претставено во овој документ, Вардарскиот регион има поволни, но истовремено ограничени ресурси за развој на транзитен, одржлив и културен туризам. Како резултат на тоа, регионот има потреба да са фокусира на ресурсите преку реализација на активности кои имаат најголем потенцијал да привлечат и поддржат посетители и односно преку развојот и промоцијата на локалитетите.

### 3. Подобрување на инфраструктурата и енергетските потенцијали во регионот

Квалитетот на инфраструктурата мора да ги следи потребите на стопанството и граѓаните и нејзината недоволна развиеност претставува кочница за развојот. Соодветно на тоа, во рамките на оваа Програма се предвидени низа активности чија цел е создавање на услови за брз развој и подобрување на квалитетот на живот преку подобрување на инфраструктурата. Истовремено, во склад со енергетските движења во светот, оваа стратегиска област содржи и низа мерки за валоризација на регионалните обновливи извори на енергија.

### 4. Земјоделие и рурален развој

Унапредување и зголемување на земјоделското производство и создавање на услови за рурален развој се планира на основа на значајните површини на обработливо земјиште и пасишта (146.000ha или 36% од вкупната површина на регионот) односно на постоењето на одлични климатски и почвени услови за развој на одредени култури (житни култури и лозје). Профилот на регионот и неговата анализа овозможија согледување на постоењето на овие предуслови, кои заедно со традицијата на квалитетно земјоделие и производство на храна ја дефинираат оваа цел како многу значајна.

### 5. Животна Средина

Планирањето на развојот во Вардарскиот регион за базира на принципите на одржлив развој и изградба на здрава животна и работна средина. Во согласност со тоа, Програмата содржи сеопфатни мерки за обезбедување на услови за подобрување на животната средина во регионот, обрнувајќи внимание на природните реткости и убавини и рационално и ефикасно искористување на расположивите природни ресурси.

### 6. Образование

Оваа стратегиска развојна област е посветена на создавањето на услови за развивање и унапредување на знаењата, а со тоа и за за остварување на одржлив развој односно подобрување на културата на живеење на граѓаните на Вардарскиот регион. Воведувањето на високи стандарди во образованието ќе придонесат за развој на слободата на умот, знаењето, иновациите и креативноста како темели на развојот и благосостојбата на секој граѓанин на Вардарскиот регион.

## 6.3. Економски развој и индустриско производство

Зголемување на конкурентната способност на стопанството од регионот е посебно важно заради тоа што економските субјекти се во основа носители на развојот на секој локалитет. Соодветно на тоа, нивната способност за квалитетен настап на пазарите е основа за динамизирање на регионалната економија и обезбедување на нејзин раст. Дополнително на тоа, постоењето на квалификувана и едуцирана работна сила според потребите на стопанството е согледано како дополнителна поддршка за подобрување на работењето на регионалните деловни субјекти, односно за зголемување на нивниот капацитет за постигнување и зголемување на профитабилното работење.

| **Стратегиска цел 1:<br>Зголемување на конкурентната способност на регионот и обезбедување на квалификувана и едуцирана работна сила според потребите на стопанството** | | | |
|---|---|---|---|
| Поттикнување и развој на МСП | Промоција на регионот и привлекување нови инвестиции | Развој и зголемување на постојното индустриско производство, посебно металната, текстилната, винската и прехранбената индустрија | Создавање на едуцирана и квалификувана работна сила, според потребите на пазарот на трудот |

Оваа стратегиска област е со најголемо економско значање во регионот бидејќи невработеноста и миграцијата се два феномена кои негативно делуваат на животот во регионот, а со една квалитетна политика на поддршка на приватниот сектор и создавањето на услови за силна регионална економија ќе се намали нивниот интензитет и дејство. На основа на анализата на економските податоци од Профилот на регионот идентификувани се четири конкретни мерливи цели кои ќе водат до остварување на оваа важна долгорочна цел. Тоа ќе биде сторено преку поттикнување и развојот на малите и средни претпријатија, промоција на регионот и привлекување на нови инвестиции, развој и зголемување на постојното индустриско производство (а посебно на металната, текстилната, винската и прехранбената индустрија), и создавање на едуцирана и квалификувана работна сила, според потребите на пазарот на трудот.

### Конкретна цел 1.1.

Поттикнување и развој на МСП

Со цел поттикнување и развој на МСП, потребно е да се преземат мерки за надградување на капацитетите на менаџерите во насока на развој на претприемничката идеја за инвестиции. Тоа ќе се постигне преку обуки, работилници, како и размена на искуства помеѓу регионални претставници на бизнис секторот, со претставници од развиените земји каде претприемништвото и МСП се на највисоко ниво.

Со цел олеснување на отпочнувањето со бизнис на МСП, се предвидува формирање на бизнис инкубатор кој ќе дава услуги на МСП во сите општини од регионот.

Имајќи ја предвид богатата занаетчиска традиција на регионот програмата предвидува посебни мерки за негова поддршка и промоција.

### Конкретна цел 1.2.

Промоција на регионот и привлекување нови инвестиции

МСП се носители на економскиот развој во секој регион. Вардарскиот регион со својата местоположба е исклучителна бизнис дестинација, особено за развој на МСП. Со цел да се поттикне развојот на МСП потребно е да се преземат низа мерки, како на пример промоција на регионот како атрактивна бизнис дестинација. Промоцијата треба да биде сеопфатна, организирана и обмислена, што ќе се постигне преку изработка на студија за привлекување на инвестиции.
Потребно е максимално искористување на постоечките објекти во општините во развојни цели преку нивна пренамена. Во прилог на остварување на оваа цел е искористување на претпристапните фондови од ЕУ, како на пример компонентата за прекугранична соработка.

### Конкретна цел 1.3.

Развој и зголемување на постојното индустриско производство, посебно металната, текстилната, винската и прехранбената индустрија

Со цел производите од регионот да бидат конкурентни на европскиот пазар, потребно е воведување на стандардите прифатени во ЕУ (ISO, HACCP, EURO-GAP  и др). Воведувањето на овие стандарди ќе продонесе кон зголемување на извозот со што ќе се зајакне регионалната економија.
Поради тоа предвидени се активности за промоција на значењето од воведувањето на стандардизација во производството.
Брендирањето како концепт на современото работење преку промоција на трговски марки, во значителна мерка ја олеснува продажбата на готовиот производ.
Регионот располага со потенцијал за брендирање на многу производи, особено на виното како стратешки производ, заради што е неопходно промовирање на брендот и едукација на производителите за неговото значење.
Во прилог на олесувањето во работењето и намалување на трошоците на производството и зачувување на животната средина е гасификацијата, заради тоа што гасоводот минува долж Вардарскиот регион.

### Конкретна цел 1.4.

Создавање на едуцирана и квалификувана работна сила, според потребите на пазарот на трудот

Имајќи ја предвид високата стапка на невработеност во регионот од една страна, како и потребите на бизнис секторот од квалификувана работна сила од друга страна, потребно е преземање мерки во насока на преквалификација на оваа работна сила и прилагодување на пазарот на трудот, со што би дошло и до промена на социјалната слика во регионот во однос на стапката на вработеност.
Преку следење на потребите на пазарот на трудот можно е иницирање на прилагодување на образовниот процес  во средните и восоките образовни установи во регионот со цел продуцирање на кадар кој ќе одговори на согледаните потреби .

<table>
<tr><th><u>Конкретна цел 1.1.</u></th><th><u>Програми</u></th><th><u>Индикатори</u></th><th><u>Извори на информации</u></th></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="5">Поттикнување и развој на МСП</td><td>Подобрувања на знаењата и способностите на менаџерите во МСП</td><td>• Број на развиени тренинг модули<br>• Број на одржани обуки за МСП<br>• Број на учесници на обуките<br>• Број на менаџери учесници на обуките</td><td rowspan="3">• Општини / годишен извештај<br>• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Слободна економска зона / тримесечен извештај<br>• Регионален бизнис центар / редовни извештаи<br>• Инкубатори / редовни извештаи<br>• Локални претпријатија</td></tr>
<tr><td>Подршка и промоција на занаетчиството</td><td>• Број на одржани промотивни настани<br>• Движење на продажбата на занаетчиите<br>• Број на индивидуални занаетчии кои добиле директна поддршка</td></tr>
<tr><td>Поттикнување на развојот на МСП преку институционална поддршка<br>• Подршка за формирање на локални бизнис инкубатори<br>• Формирање на регионална слободнаекономска зона<br>• Мапирање на бизнис секторот во регионот</td><td>• Број на формирани бизнис инкубатори<br>• Број на компании во бизнис инкубаторите<br>• Број на вработени во компаниите во бизнис инкубаторите<br>• Формирана регионална слободна економска зона<br>• Број на компании лоцирани во економската зона<br>• Број на вработени во компаниите во слободната економска зона<br>• Број на евидентирани деловни субјекти во регионот</td></tr>
<tr><td colspan="3"><u>Ризици</u></td></tr>
<tr><td colspan="3">• Недостиг од финансиски средства<br>• Неповолни економски окружувања<br>• Немање на искуство во управување со Бизнис центар<br>• Државна сопственост на земјиштето за зоната<br>• Спремност на МСП и занаетчиите за учество на обуки</td></tr>
</table>

| Конкретна цел 1.2 | **Програми** | **Индикатори** | **Извори на информации** |
|---|---|---|---|
| Промоција на регионот и привлекување нови инвестиции | Изработка на стратегија (студија) за привлекување на инвестиции | • Подготвена студија<br>• Дефинирани локации<br>• Број на одобренија за градба за вакви инвестиции | • Општини / годишен извештај<br>• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Слободна економска зона / тримесечен извештај<br>• Регионален бизнис центар / редовни извештаи<br>• Инкубатори / редовни извештаи<br>• Локални претпријатија<br>• Државни институции / по барање<br>• Интернет портал / дневни статистики |
| | Пренамена на постоечките објекти во сопственост на општините во насока на нивно искористување во развојни цели | • Изготвена листа на објекти погодни за користење во развојни цели<br>• Број на реализирани проекти за поддршка на развојот на основа на општински објекти<br>• Број на нови вработувања како резултат на реализираните проекти<br>• Број на на воведени нови услуги во искористените објекти | |
| | Промоција на Вардарскиот регион<br>• Оддржување на регионален Саем за промоција на регионот<br>• Креирање на веб портал на Вардарскиот Регион<br>• Учество на домашни и меѓународни саемски манифестации, форуми и конференции<br>• Промоција на стопанските зони од општините во регионот | • Број на одржани саеми за промоција на регионот<br>• Број на посетители на саемот за промоција<br>• Број на излагачи на саемот за промоција<br>• Креиран интернет портал за регионот<br>• Број на дневни посетители на порталот<br>• Број на огласувачи на порталот<br>• Број на посетени форуми, саемски манифестации или конференции<br>• Број на претставници од регионот кои биле во посета на форуми, самески манифестации или конференции | |
| | Користење на средствата од ЕУ фондови за прекугранична соработка | • Број на подготвени проекти за учество во повици за добивање на ЕУ грантови<br>• Сума на грантови добиени за реализација на ЕУ проекти од прекугранична соработка<br>• Број на грантови добиени за реализација на ЕУ проекти од прекугранична соработка | |

**Ризици**

- Недостиг од финансиски средства
- Неповолни економски окружувања
- Немање на искуство во управување со Центар за развој на Вардарски регион
- Намалување или повлекување на средствата од ЕУ фондовите за прекугранична соработка
- Недоволно силен капацитет и немање на доволно искуство за подготовка на проекти за прекугранична соработка

<table>
<tr><th>Конкретна цел 1.3</th><th>Програми</th><th>Индикатори</th><th>Извори на информации</th></tr>
<tr><td rowspan="5">Развој и зголемување на постојното индустриско производство, посебно металната, текстилната, винската и прехранбената индустрија</td><td>Усогласување на квалитетот на производите согласно стандардите на ЕУ</td><td>• Број на компании кои имаат воведено ситеми за управување со квалитетот (ISO, HACCP, EURO-GAP…)<br>• Број на прозиводители на храна кои имаат добиено лиценца за извоз во ЕУ (кланици, млекари, визби...)<br>• Извоз на прехранбени производи во ЕУ</td><td rowspan="3">• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Регионален бизнис центар / редовни извештаи<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Стопанска комора / по барање<br>• Министерство за финансии / по барање<br>• Агенција за вработување / месечни извештаи</td></tr>
<tr><td>Гасификација на регионот</td><td>• Број на корисници на гас од гасоводниот систем<br>• Должина на гасоводна мрежа во регионот</td></tr>
<tr><td>Брендирање на производите од Вардарскиот регион</td><td>• Количина на извезено вино од регионот на ЕУ пазарите<br>• Извозна цена на 1l вино во шише<br>• Број на брендирани производи од регионот</td></tr>
<tr><th colspan="3">Ризици</th></tr>
<tr><td colspan="3">• Недостиг од финансиски средства<br>• Неповолни економски опкружувања<br>• Недоволна конкурентна способност на претпријатијата од Вардарскиот регион<br>• Високи ЕУ стандарди</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th>Конкретна цел 1.4</th><th>Програми</th><th>Индикатори</th><th>Извори на информации</th></tr>
<tr><td rowspan="4">Создавање на едуцирана и квалификувана работна сила, според потребите на пазарот на трудот</td><td>Обука за отпочнување на сопствен бизнис</td><td>• Број на организирани обуки за отпочнување на сопствен бизнис<br>• Број на учесници во обуките за отпочнување на сопствен бизнис<br>• Број на основани компании од учесниците на обуките за отпочнување на сопствен бизнис</td><td rowspan="2">• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Регионален бизнис центар / редовни извештаи<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Стопанска комора / по барање<br>• Агенција за вработување / месечни извештаи<br>• Средни училишта / на барање</td></tr>
<tr><td>Прилагодување на образовниот процес со потребите на стопанството<br>• Анализа на потребите на пазарот на труд<br>• Воспоставување на систем на доживотно учење</td><td>• Подготвена анализа на пазарот на труд<br>• Број на измени во наставните програми во средните училишта<br>• Број на ново-воведени образовни профили во средните училишта во регионот<br>• Број на воспоставени соработки помеѓу училиштата и приватниот сектор<br>• Воспоставен систем за доживотно учење</td></tr>
<tr><td colspan="3">Ризици</td></tr>
<tr><td colspan="3">• Недостиг од финансиски средства<br>• Долга и тешка процедура за измена на наставните планови, програми и образовни профили<br>• Неповолни економски окружувања<br>• Недоволно прецизни статистички податоци за движењата на пазарот на труд<br>• Намалување на бројот на ученици</td></tr>
</table>

## 6.4. Туризам , култура и спорт

| **Стратегиска цел 2:**<br>Развој на транзитен, одржлив и културен туризам | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Промоција на интегрирана туристичка понуда и развој на туристичка инфраструктура | Развој на транзитен, одржлив, културен и вински туризам | Развој на езерски, зимски и ловен туризам (истражување заштита и развивање на природни туристички потенцијали) | Афирмација и промоција на културното наследство | Афирмација и развој на спортот во регионот |

Конретна цел 2.1:
Промоција на интегрирана туристичка понуда и развој на туристичка инфраструктура

Клучен елемент за реализација на целите за развојот на туризмот претставува промоцијата на интегрирана туристичка понуда и развојот на туристичка инфраструктура што всушност ја следи првата конкретна цел. Фокусот се става на формирање на регионално тело за заедничка промоција на регионот и спроведување на заедничките активности со што ќе се обезбеди соодветна институционална база за реализација на предвидените активности. Ова регионално тело ќе биде надополнување на општинските одделенија за ЛЕР и ќе тие заедно да бидат главна точка за развој и маркетинг на туризмот. Активностите за поддршка на туризмот ќе бидат насочени кон промоција на регионот преку изработка на промотивен материјал за целиот регион, организирање на сопствени и учество на надворешни манифестации за промоција на регионот и традиционалните манифестации. За промоцијата на туризмот многу е значајна соработката со националните туристички асоцијации и единиците за поддршка на развојот на туризмот во другите општини во државата, како надополнување на промотивните активности. Конечно, зголемувањето на способностите (вештините, капацитетите) на претприемачите и заедницата за развој на туризмот го заокружуваат сетот на активности кои ќе овозможат свесност за економската корист од развојот на туризмот и унапредување на начинот на практикуавње на туристичките услуги.

Конретна цел 2.2:
Развој на транзитен, одржлив, културен и вински туризам

Втората конкретна цел е целосно посветена на развојот на одржлив транзитен, културен и вински туризам. Таа се фокусира на создавање на услови за привлекување на посетителите да застанат, пренoќат и да ја консумираат туристичката понуда на регионот преку адаптирање на локалитетите, и адаптација и опремување на објектите за прифаќање на туристите според дефинираните стандарди (предуслов за зголемување на бројот на пренoќувањата) заедно со здружување на туристичките работници за заеднички настап и/или промциоја на регионот. Креирањето на туристичките рути и создавањето на туристички производи врз основа на традицијата, занаетите и фолклорот претставуваат едноставни активности за промовирање на регионот во потенцијално популарна дестинација. Истовремено, во рамките на активностите за реализација на оваа конкретна цел се содржат и напори за креирање на локални атракции и брендови изградени на спецификите на регионот (фестивал на виното, етно-села, итн.).

Конкретна цел 2.3:
Развој на езерски, зимски и ловен туризам (истражување заштита и развивање на природни туристички потенцијали)

Третата конкретна цел го обработува развојот на езерски, зимски и ловен туризам преку истражување, заштита и развивање на природните туристички потенцијали. Изградба на пристапна инфраструктура до ски центарот Кожув заедно со квалитетното обележување на скијачките терени и патеки за планинарење треба да му даде поддршка на скијачкиот центар Кожув кој со време и проширување на понудата би прераснал во целогодишен туристички центар. Од друга страна, урбанизирање на населбите околу вештачките езера и регулација на нивото на водата во езерата се програми ќе обезбеди сериозна понуда на езерскиот туризам. Развој на ловниот туризам ги заокружува активностите во рамките на оваа цел, земајќи ги предвид потенцијалите на Вардарскиот регион за овој вид на туризам. Средства за развој на ловниот туризам можат да се обезбедат од ИПА фондовите од компонентата за рурален развој, но за целосно нивно искористување ќе биде потребно едукација за можностите од развојот на ловниот туризам и за менаџирање со ловиштата (како клучни за успешно стопанисување со ловиштата). Дополнително на тоа, ловно-стопанските основи треба да предвидат изградба на ловно-технички и ловно-стопански објекти со соодветни стандарди кои ќе бидат во функција на ловниот туризам.

Конкретна цел 2.4:
Заштита и промоција на културното наследство

Покрај природните убавини и ресурси, развојот на туризмот во Вардарскиот регион ќе биде обезбеден и преку афирмација и промоција на културното наследство во рамките на четвртата конкретна цел. Покрај делот од програмите кој ќе биде насочен кон промоција на археолошки локалитети, дополнителна содржина на туристичката понуда ќе обезбеди и промоцијата на традиционалните настани, изворниот фолклор и обичаи, како и понудата на сувенири и друг репрезентативен материјал карактеристичен за регионот. Дигитализација на културно наследство е неопходна за подготовка на Интернет презентација и промоција на културното наследство на Вардарскиот регион преку веб страна за туристичката понуда на регионот во облик на официјален туристички портал кој ќе биде постојаното ажуриран и надополнет со информативни туристички билтени и календари.

Конкретна цел 2.5:
Афирмација и развој на спортот во регионот

Завршната конкретна цел од оваа стратегиска област се концентрира на афирмација и развој на спортот во регионот, од аспект на подобрување на квалитетот на живеење, но истовремено и од аспект на поддршка на економскиот развој на регионот.

Логичка рамка за стратегиската област:  Туризам, култура и спорт

<table>
<tr><th>Конкретна цел 2.1</th><th>Програми</th><th>Индикатори</th><th>Извори на информации</th></tr>
<tr><td rowspan="5">Промоција на интегрирана туристичка понуда</td><td>Туристичка промоција на регионот<br>• Формирање на регионално тело за заедничка промоција на регионот и спроведување на заедничките активности<br>• Изработка на промотивен материјал за целиот регион<br>• Организирање на конкретни манифестации за промоција<br>• Заедничко учество на саеми и други промотивни активности<br>• Промоција на традиционални манифестации (вино фест, гроздобер.....)</td><td>• Формирано регионално тело за туризам<br>• Број на вработени<br>• Висина на обезбедени општински средства за финансирање<br>• Подготвени промотивен материјал<br>• Број на испечатени флаери, брошури и проспекти<br>• Број на организирани промотивни манифестации<br>• Број на посетителина промотивните манифестации<br>• Број на регионални изложувачи на промотивните манифестации<br>• Број на заеднички настапи и учества на саеми<br>• Број на општини / туристички компании вклучени во настапите<br>• Број на организирани традиционални манифестации<br>• Број на посетители на манифестациите</td><td rowspan="3">• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Регионален туристички центар / редовни извештаи<br>• Регионален бизнис центар / редовни извештаи<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Стопанска комора / по барање</td></tr>
<tr><td>Едукација на носителите на туристичка дејност за за подобрување на нивните вештини за промоција на туризмот</td><td>• Број на организирани едукативни настани за зголемување на капацитетот на туристичките работници<br>• Број на присутни на едукативните настани<br>• Број на теми опфатени со едукативните настани<br>• Број на локации каде се одржани едукативните настани</td></tr>
<tr><td>Остварување на соработка со туристички оператори за развој на туризмот (маркетинг)</td><td>• Број на контакти со тур-оператори<br>• Број на договори со тур-оператори</td></tr>
<tr><td colspan="3">Ризици</td></tr>
<tr><td colspan="3">• Недостиг од финансиски средства<br>• Интерес на туристичките оператори од надвор<br>• Спремност за едукација на носителите на туристичката понуда<br>• Неповолни економски окружувања</td></tr>
</table>

| **Конретна цел 2.2** | **Програми** | **Индикатори** | **Извори на информации** |
|---|---|---|---|
| Развој на транзитен, одржлив, културен и вински туризам | Креирање на туристичка понуда<br>• Организирање на традиционални манифестации (изложби, фолклор, автентична кујна, обичаи)<br>• Организирани тури во винарските визби<br>• Етно село- изнаоѓање локација и изградба | • Број на организирани манифестации<br>• Број на посетители на манифестациите<br>• Број на регионални изложувачи на промотивните манифестации<br>• Број на организирани тури<br>• Број на спремни тури за организирање<br>• Број на (различни) посетители<br>• Број на винарски визби што учествуваат во понудата<br>• Формирано етно село<br>• Број на посетители<br>• Број на организирани тури | • Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Регионален туристички центар / редовни извештаи<br>• Регионален бизнис центар / редовни извештаи<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Стопанска комора / по барање |
| | Зголемување на капацитетот за настап на туристичките пазари<br>• Обучување на млади кадри за кои ќе бидат способни да ги опслужуваат туристите<br>• Дефинирање и инкорпорирање на меѓународни туристички стандарди<br>• Заедичко здружување и настап на пазарот (пример: винарски визби.....) | • Број на едукативни настани за обука на младите кадри<br>• Број на присутни на едукативните настани<br>• Број на теми опфатени со едукативните настани<br>• Број на локации каде се одржани едукативните настани<br>• Дефинирани стандарди за воведување<br>• Број на компании кои ги вовеле стандардите<br>• Број на основани здруженија<br>• Број на реализирани успешни соработки | |
| | Инфраструктурни зафати за подобрување на условите за туризам<br>• Адаптирање и опремување на објектите за прифаќање на туристите според дефинираните стандарди<br>• Адаптација на локалитети за прифаќање на туристите според дефинираните стандарди (терени за качување, велосипедизам, спелеологија, планинарење, алпинизам)<br>• Подобрување и обележување на туристичката инфраструктура | • Број на адаптирани објекти<br>• Износ на инвестирани средства<br>• Број на поставени показни табли<br>• km уредени планинарски / велосипедски патеки<br>• Број на уредени локации<br>• Број на поставени клупи, маси и друга туристичка опрема<br>• Број на поставени показни табли<br>• km уредени пешачки патеки<br>• Број на уредени локации<br>• Број на поставени клупи, маси и друга туристичка опрема | |

**Ризици**

- Недостиг од финансиски средства
- Интерес на туристичките оператори од надвор
- Спремност за едукација на носителите на туристичката понуда
- Неповолни економски окружувања
- Интерес на туристите за традицијата

<table>
<tr><th><u>Конкретна цел 2.3</u></th><th><u>Програми</u></th><th><u>Индикатори</u></th><th><u>Извори на информации</u></th></tr>
<tr><td rowspan="7">Развој на езерски, зимски и ловен туризам (истражување заштита и развивање на природни туристички потенцијали)</td><td>Создавање на услови за развој на езерскиот туризам<br>• Регулација на нивото на водата во вештачките езера<br>• Урбанизирање на населбите околу вештачките езера</td><td>• km изградени регулациони потпори<br>• Број на урбанизирани локации<br>• Урбанизирана површина<br>• Број на градежни локации во урбанизираните локации<br>• Издадени градежни дозволи<br>• Примени барања за градежни дозволи<br>• Износ на платени комуналии</td><td rowspan="4">• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Регионален туристички центар / редовни извештаи<br>• Регионален бизнис центар / редовни извештаи<br>• Скијачки центар Кожув / годишни извештаи<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Стопанска комора / по барање<br>• Министерство за транспорт и врски / на барање</td></tr>
<tr><td>Изградба на ловни резервати</td><td>• Број на ловни резервати<br>• Број на посетители ловџии<br>• Број на организирани ловни тури<br>• Обезбедени соодветни ловни основи<br>• Број на отстрелан дивеч</td></tr>
<tr><td>Подобрување и зголемување на сместувачки капацитети</td><td>• Број на реновирани сместувачки капацитети<br>• Број на кревети во понуда</td></tr>
<tr><td>Зимски туризам<br>• Изградба на пристапна инфраструктура до ски центарот Кожув<br>• Квалитетно обележување на скијачките терени и патеки за планинарење</td><td>• km изграден пристапен пат<br>• Износ на инвестирани средства<br>• Број на поставени показни табли<br>• km уредени планинарски / велосипедски патеки<br>• km уредени скијачки патеки</td></tr>
<tr><td colspan="3"><u>Ризици</u></td></tr>
<tr><td colspan="3">• Недостиг од финансиски средства<br>• Интерес на туристичките оператори од надвор<br>• Спремност за едукација на носителите на туристичката понуда<br>• Неповолни економски окружувања<br>• Интерес на туристите за лов и скијање</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th><u>Конретна цел 2.4</u></th><th><u>Програми</u></th><th><u>Индикатори</u></th><th><u>Извори на информации</u></th></tr>
<tr><td rowspan="7">Афирмација и промоција на археолошкото и културното наследство</td><td>Афирмација и промоција на археолошки локалитети</td><td>• Број на промовирани локалитети<br>• Износ на инвестирани средства</td><td rowspan="5">• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Регионален туристички центар / редовни извештаи<br>• Веб страна / дневни статистики<br>• Регионален бизнис центар / редовни извештаи<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Стопанска комора / по барање<br>• Министерство за транспорт и врски / на барање<br>• Министерство за култура / на барање</td></tr>
<tr><td>Создавање на културна туристичка понуда<br>• Негување на традиционалните настани и возобновување и негување на изворниот фолклор и обичаи<br>• Изработка на календар на настани поврзани со тековни културни активности<br>• Производство на сувенири и друг репрезентативен материјал карактеристичен за регионот</td><td>• Број на организирани настани<br>• Број на присутни<br>• Број на одржани обуки<br>• Број на присутни на обуките<br>• Број на традиционални настани<br>• Изработен каледнар на настани<br>• Број на поединечни настани во каледнарот<br>• Број на печатени календари<br>• Број на различни сувенири во понуда<br>• Број на поединечни прозиводители на сувенири</td></tr>
<tr><td>Модернизација на постојните и отворање на нови културни установи</td><td>• Број на модернизирани установи<br>• Број на отворенинови установи<br>• Број на вработени во постоечките установи<br>• Број на вработени во новите установи</td></tr>
<tr><td>Промоција на културното наследство<br>• Дигитализација на културно наследство<br>• Изработка и објавување на веб страна за промоција на културното наследство.</td><td>• Број на дигитализирани содржини<br>• Изработена веб страна<br>• Број на посетители на веб страната<br>• Број на јазици на веб страната<br>• Број на ажурирања на веб страната<br>• Количина на содржини на веб страната</td></tr>
<tr><td>Градење на капацитети за промоција на археолошкото и културното наследство</td><td>• Број на одржани обуки<br>• Број на учесници на обуките<br>• Број на теми опфатени со обуките<br>• обуките</td></tr>
<tr><td colspan="3"><u>Ризици</u></td></tr>
<tr><td colspan="3">• Недостиг од финансиски средства<br>• Интерес на странски туристички оператори<br>• Спремност за едукација на носителите на туристичката понуда<br>• Неповолни економски окружувања<br>• Интерес на туристите за традицијата</td></tr>
</table>

| Конкретна цел 2.5 | **Програми** | **Индикатори** | **Извори на информации** |
|---|---|---|---|
| Афирмација и развој на спортот во регионот | Изградба на спортска инфраструктура<br>• Изградба на детски спортски површини со реквизити<br>• Изградба на спортски терени | • Број на изградени детски површини<br>• Површина на изградени детски површини<br>• Износ на инвестирани средства<br>• Број на изградени спортски терени<br>• Површина на изградени спортски терени | • Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Регионален туристички центар / редовни извештаи<br>• Скијачки центар Кожуф<br>• Веб страна / дневни статистики<br>• Регионален бизнис центар / редовни извештаи<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Стопанска комора / по барање<br>• Министерство за образование<br>• Агенција за млади и спорт<br>• Министерство за транспорт и врски / на барање |
| | Организирање регионални спортски манифестации | • Број на регионалени спортски манифестации<br>• Број на учесници на манифестациите | |
| | Оспособување на стручен кадар во областа спорт | • Број на настани за обука<br>• Број на присутни на настаните<br>• Број на теми опфатени со едукативните настани<br>• Број на локации каде се одржани едукативните настани | |
| | Анимација на населението за поголема вклученост во спортските активности | • Број на промотивни активности | |
| | Поттикнување на стопанствениците за финансирање во спортот | • Број на промотивни активности<br>• Број на директни контакти со приватниот сектор<br>• Изработена програма за ослободување на давачки при вложување во спорт | |
| | **Ризици** | | |
| | • Недостиг од финансиски средства<br>• Спремност за едукација на спортскиот кадар<br>• Неповолни економски окружувања<br>• Спремност на приватниот сектор за соработка | | |

## 6.5 Инфраструктура

Третата стратегиска развојна област се фокусира на подобрување на инфраструктурните услови во регионот на начин кој директно ќе води кон подобрување на квалитетот на живот и кон создавање на услови за забрзан (економски) развој. Особен придонес ќе има изградбата на делницата Демир Капија – Смоквица од коридорот 10, чија изградба се планира да биде завршена до 2014 год. со средства од ИПА Предпристапните фондови на ЕУ. Квалитетот на инфраструктурата мора да ги следи потребите на стопанството и граѓаните и нејзината недоволна развиеност претставува кочница за развојот. За да се избегне оваа опасност, овој документ содржи низа активности за надградба на постоечката и изградба на нова инфраструктура во функција на развојот за постигнување на предвидените четири конкретни цели. Подобрувањето на патната и уличната инфраструктура ќе води кон зголемување на мобилноста на населението и олеснето движење кон и во рамките на регионот, додека подобрената комунална инфраструктура ќе биде основа за подобрување на квалитетот на живот и со тоа, за зголемувањето на атрактивноста на Вардарскиот регион за надворешни инвестиции. Истовремено, во согласност со современите движења во светот, оваа стратегиска област содржи низа мерки за искористување на регионалните обновливи извори на енергија и посебни мерки за развој на информатичко комуникациската технологија.

| Стратегиска цел 3:<br>Подобрување на инфраструктурата и енергетските потенцијали во регионот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подобрување на комуналната инфраструктура во регионот со посебни мерки за изедначување во руралните средини (села) | Искористување на енергетските потенцијали | Подобрување и модернизација на локалната патна инфраструктура | Развој на информатичко-комуникациска технологија | Уредување на просторот со урбанистички планови |

Конкретна цел 3.1:
Подобрување на комуналната инфраструктура во регионот со посебни мерки за изедначување во руралните средини (селата)

Интервенциите во инфраструктурата ќе бидат изведени на оптимален начин кој ќе биде одреден во рамките на Студијата на постојната состојба со комуналната инфраструктура. На основа на таа студија, ќе бидат дополнително развиени програми за подобрување на водоснабдувањето и наводнувањето на земјоделските површини. Имајќи ја предвид важноста на животната средина за останатите стратегиски области на развојот на регионот (посебно руралниот туризам и производството на храна) заштитата на подземните води (преку изградба на канализациони системи и пречистителни станици) и целосната електрификацијата на регионот се значајни мерки кои ќе придонесат за севкупна реализација на Програма за развој на Вардарскиот регион.

Конкретна цел 3.2:
Искористување на енергетските потенцијали

При планирањето на развојот секоја територијална целина ја има можноста да се потрпре на „своите“ природни потенцијали во зависност од тоа кои ресурси и во кој обем се на

располагање. Вардарскиот регион се протега долж реката Вардар, располага со раширена речна мрежа, на негова територија поминува нафтоводот Солун-Скопје и се планира разгранувањена гасоводот. Искористување на овие потенцијали се планира преку поддршка на реализација на проектот „Вардарска долина“, спроведување на гасот до најголемите корисници и искористување на водениот потенцијал од помалите реки. Управувањето со водните ресурси во регионот во склад со локалните специфики ќе овозможи спроведување на деловни потфати за реализација на потенцијалот кој стои на располагање.

## Конкретна цел 3.3.:

Подобрување и модернизација на локалната патна инфраструктура

Подобрувањето на локалната патна инфраструктура е од особена важност за повеќе области, како што се развој на туризмот, економскиот развој и индустриското производство, рурален развој, побезбеден пристап на учесниците во патниот сообраќај итн.

Прв чекор за подобрувањеи модернизација на локалната патна инфраструктура е изработката на техничката документација. Таа претставува основа за реални реконструктивни инвестиции. Изградбата на овие патишта, заедно со уредувањето на просторот со урбанистички палнови во руралните средини се предусови за аплицирање за средства од претпристапните фондови во компонентата ИПАРД.

## Конкретна цел 3.4:

Развој на информатичко-комуникациска технологија

Трансформацијата на современото општество, од индустриско кон информатичко, фундаментално го промени начинот на кој бизнисот, граѓаните и власта (државна и локална) соработуваат и взаемно се помагаат во процесот на креирање на благосостојба Со оглед на тоа, во рамките на оваа конкретна цел се предвидува покренување на целокупниот расположлив регионален потенцијал во насока на развој на информатичко-комуникациската технологија. Развојот ќе резултира во реформи на администрација, начинот на размислување, односот кон работата како и на подобрување комуникацијата со граѓаните и бизнисот. Во рамките на оваа Програма особено внимание се посветува на квалитетното планирање на активностите, организацијата и екипирањето, раководењето и контролата од страна на ИТ менаџментот.

Определувајќи се за поддршка на пазарно ориентираната економија базирана на знаење и информации, главна карактеристика на активностите во рамките на оваа цел е трасирање на патека за целокупниот јавен сектор за прифаќање на информатичката технологија како средство за подобрување на понудените услуги кон бизнисот и граѓаните. Со тоа ќе се створат вистински можности за промоција на економски и општествен развој, ќе се подобри внатрешната ефикасност и ефективност во работењето, транспарентноста, достапноста до информациите и навременост на услугите.

## Конкретна цел 3.5:

Уредување на просторот со урбанистички планови

Уредувањето на просторот со урбанистички планоови е генерален проблем, особено во руралните општини поради нивната слаба финансиска моќ, и претставува кочница зацелокупниот развој на овие општини. Со нивна изработка ќе се оствари повеќекратен и долгорочен ефект.

Со уредувањето на просторот со урбанистички палнови во руралните средини, општините ќе можат да го планираат економскиот развој со нови инвестиции, што ќе обезбеди дополнителни приходи во општинските буџети. Тие исто така претставуваат основа за аплицирање за средства од претпристапните фондови во компонентата ИПАРД.

## Логичка рамка на стратегиската област: Инфраструктура

<table>
<tr><th>Конкретна цел 3.1</th><th>Програми</th><th>Индикатори</th><th>Извори на информации</th></tr>
<tr><td rowspan="10">Подобрување на комуналната инфраструктура во регионот со посебни мерки за изедначување во руралните средини (села)</td><td>Студија на постојната состојба со комуналната инфраструктура (водовод, канализација, отпад, електрификација)</td><td>• Број на опфатени населени места</td><td rowspan="8">• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Регионален туристички центар / редовни извештаи<br>• Скијачки центар Кожуф<br>• Веб страна / дневни статистики<br>• Регионален бизнис центар / редовни извештаи<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Стопанска комора / по барање<br>• Министерство за образование<br>• Агенција за млади и спорт<br>• Министерство за транспорт и врски / на барање<br>• Месни заедници од селата / на барање</td></tr>
<tr><td>Подобрување на водоснабдувањето<br>• Програма за водоснабдување, посебно во руралните (селски) средини<br>• Програма за реконструкција на посточките азбестни цевководи</td><td>• Изработени основни проекти<br>• Број на опфатени населени места<br>• Должина на цевководи (м)<br>• Број и големина на резервоари (м3)<br>• Број на корисници<br>• Изработени основени проекти<br>• Број на опфатени населени места<br>• Должина на цевководи (м)<br>• Број на корисници</td></tr>
<tr><td>Програма за изградба на канализациони ситеми</td><td>• Изработени основени проекти<br>• Број на опфатени населени места<br>• Должина на цевководи (м)<br>• Број на корисници</td></tr>
<tr><td>Пречистителни станици и колектори</td><td>• Изработени основени проекти<br>• Број на пречистителни станици<br>• Број на опдфатени населени места<br>• Должина на колектори (м)<br>• Број на корисници<br>• Прозведена енергија</td></tr>
<tr><td>Електрификација на селските средини</td><td>• Изработен основен проект<br>• Број на корисници</td></tr>
<tr><td>Програма за реконструкција и доизградба на системите за наводнување и одводнување на змјоделски површини</td><td>• Изработени основени проект<br>• Број на корисници<br>• Опфатена површина со системите<br>• Должина на ситемите<br>• Количина на производи</td></tr>
<tr><td>Програма за атмосферските води</td><td>• Изработени основни проекти<br>• Број на корисници<br>• Опфатена површина со системите<br>• Должина на ситемите<br>• Број на населени места</td></tr>
<tr><td colspan="3">Ризици</td></tr>
<tr><td colspan="3">• Недостиг од финансиски средства<br>• Законска регулатива и процедура за изградба на депонии<br>• Неповолни економски окружувања<br>• Намалување на населението во селата</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th>Конкретна цел 3.2</th><th>Програми</th><th>Индикатори</th><th>Извори на информации</th></tr>
<tr><td rowspan="5">Искористување на енергетските потенцијали</td><td>Вардарска долина</td><td>• Степен на изграденост<br>• Број на ново вработени лица<br>• Број на енергетски објекти<br>• Број на водостопански објекти</td><td rowspan="3">• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Агенција за води на РМ<br>• Министерство за економија / на барање<br>• Месни заедници од селата / на барање</td></tr>
<tr><td>Гасификација</td><td>• Должина на примарна и секундарна мрежа<br>• Број на домакинства-корисници<br>• Број на приклучени стопански субјекти<br>• Количина на експлатиран гас</td></tr>
<tr><td>Искористување на водениот потенцијал од помалите реки</td><td>• Број на изработени проекти<br>• Број на изградени мини хидро централи<br>• Произведена електрична енергија<br>• Број на ново вработени лица</td></tr>
<tr><td colspan="3">Ризици</td></tr>
<tr><td colspan="3">• Недостиг од финансиски средства<br>• Законска регулатива и процедура за изградба на (мини) хидро централи<br>• Законска регулатива за искористување на алтернативните извори на енергија<br>• Испораки и цени на гасотНеповолни економски окружувања</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th>Конкретна цел 3.3</th><th>Програми</th><th>Индикатори</th><th>Извори на информации</th></tr>
<tr><td rowspan="4">Подобрување и реконструкција на локалната патна инфраструктура</td><td>Изработка на техничка документација за подобрување и реконструкција на локалните патни правци</td><td>• Број на изработени основни проекти<br>•</td><td rowspan="2">• Одделенија за урбанизам во ЕЛС<br>• Годишен извештај на центар за развој на ВПР<br>• Министерство за транспорт и врски</td></tr>
<tr><td>Реконструкција на локални патишта</td><td>• Должина на  реконстрирани локални патишта</td></tr>
<tr><td colspan="3">Ризици</td></tr>
<tr><td colspan="3">• Недостиг од финансиски средства<br>•</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th><u>Конкретна цел 3.4</u></th><th><u>Програми</u></th><th><u>Индикатори</u></th><th><u>Извори на информации</u></th></tr>
<tr><td rowspan="6">Развој на информатичко-комуникациска технологија</td><td>Формирање на ГИС база на општински податоци</td><td>• Опфатени општини и населени места<br>• Број на области опфатени со ГИС<br>• Број на вработени од општинската администрација вклучена во ГИС системот<br>• Број на корисници на ГИС-от надвор од ЛС (Т-Хоме, ЕВН, Комунални претпријатија и сл.)</td><td rowspan="4">• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Министерство за транспорт и врски / на барање</td></tr>
<tr><td>Мрежно поврзување на општините</td><td>• Број на мрежно поврзани општини<br>• Број на заеднички  електронски услуги<br>• Број на вклучени општински службеници во мрежата</td></tr>
<tr><td>Програма за електронски пристап на граѓаните до општините</td><td>• Број на опремени општини<br>• Број на електронски услуги<br>• Број на корисници<br>• Број на електронски поднесоци</td></tr>
<tr><td>Обука за користење на ИТ технологијата</td><td>• Број на обучени граѓани<br>• Број на обучени локални службеници<br>• Теми за обуки<br>• Број на обуки</td></tr>
<tr><td colspan="3"><u>Ризици</u></td></tr>
<tr><td colspan="3">• Спремност на општините за тесна соработка<br>• Спремност на граѓаните за електронски пристап до општинските услуги<br>• Недостиг од финансиски средства<br>• Политички влијанија во спроведувањето на националните капитални инвестиции</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th><u>Конкретна цел 3.5</u></th><th><u>Програми</u></th><th><u>Индикатори</u></th><th><u>Извори на информации</u></th></tr>
<tr><td rowspan="3">Уредување на просторот со урбанистички планови</td><td>Изработка на локални детални урбанистички палнови</td><td>• Број на изработени детални урбанистички планови</td><td>• Општини / годишен извештај<br>• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај</td></tr>
<tr><td colspan="3">• <u>Ризици</u></td></tr>
<tr><td colspan="3">• Недостиг од финансиски средства</td></tr>
</table>

## 6.6 Животна средина

Планирањето на развојот во Вардарскиот регион за базира на принципите на одржлив развој и изградба на здрава животна и работна средина. Во согласност со тоа, основни цели во рамките на оваа област се: подобрување на квалитетот на воздухот, почвата и водените ресурси, санација на последиците од загадувањето на животната средина предизвикани во минатото, како и рационално и ефикасно искористување на обновливите извори на енергија.

| Стратегиска цел 4:<br>Обезбедување на услови за подобрување на животната средина во регионот | | |
|---|---|---|
| Подобрен квалитет на воздухот, почвата и водените ресурси | Воспоставени санитарно - техничките стандарди во управувањето со отпадот во регионот и негово безбедно депонирање во регионална депонија | Производство на енергија од обновливи и алтернативни извори |

Конкретна цел 4.1:
Подобрен квалитет на воздухот, почвата и водените ресурси

Одржливиот развој на Вардарскиот регион мора да се заснова на здрава животна средина, која е основа за креативна работна сила и здраво поколение.

Во таа насока потребно е континуирано испитување на квалитетот на воздухот, водата и почвата, со цел навремено реагирање во случај на појава на девијација над дозволените параметри на медиумите на загадување. Тоа ќе се постигне со основање на лабораторија која ќе врши мерење во рамките на регионот. За да се постигне одржливост на лабораторијата истата ќе биде искористена во научно-истражувачки цели од посотјните факултети и средните стручни училишта.

Како посебен проблем во регионот се посочува несоодветниот третман на отпадните води што доведува до континуирано оптоварување на водените ресурси. Надминувањето на овој проблем ќе отпочне со изработка на физибилити студии и основни проекти за одвод и третман на отпадни води кој понатаму ќе претставуваат основа за воспоставување на системи за одвод и третман на отпадните води.

Конкретна цел 4.2:
Воспоставени санитарно - технички стандарди во управувањето со отпадот во регионот и негово безбедно депонирање во регионална депонија

На територијата на Вардарскиот регион на постои сеопфатен систем за управување со цврстиот отпад и негово безбедно депонирање. Во урбаните средини тој се собира и организирано депонира, но во руралните средини ситуацијата е во многу случаи препуштена сама на себе. Населението има ниско ниво на свест по прашањето на уредно постапување со отпадот и можноста за негова селекција, со што самостојно и несовесно се врши депонирање на диво или палење на отпадот од различен вид (што често предизвикува пожари). Според дефинираните стратегиски приоритети, во рамките на оваа конкретна цел се предвидени

активности и мерки за намалувањето на штетното влијание на комуналниот отпад (преку систематски третман на цврстиот отпад).

Конкретна цел 4.3:
Производство на енергија од обновливи и алтернативни извори

Како што претходно беше спомнато, при планирањето на развојот секоја територијална целина ја има можноста да се потрпре на „своите“ природни ресурси. Климатските услови во Вардарскиот регион се одлични за искористување на сончевата енергија (просечниот број на сончеви часови изнесува помеѓу 2200 и 2800 во зависност од географската локација во регионот), односно на енергијата на ветерот. Соодветно на тоа, во рамките на оваа конкретна цел е предвидена изработка на една физибилити студија за потенцијалите на обновливите видови на енергија (сонце, ветер) во регионот, па врз основа на резултатите од таа студијаќе бидат подготвени соодветни урбанистички планови и ќе бидат превземени мерки за поттикнување, промоција и поддршка на користењето сонцето и ветрот за производство на електрична енергија.

Логичка рамка за стратегиската област: Животна средина

| Конкретна цел 4.1 | **Програми** | **Индикатори** | **Извори на информации** |
|---|---|---|---|
| Подобрен квалитет на воздухот, почвата и водените ресурси | Формирање на регионална лабораторија за контрола на животната средина | • База на податоци<br>• Катастар на загадувачи во регионот | • Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ |
| | Изработка на физибилити студии за одведување и третман на комунални отпадни води во урбаните и руралните средини во регионот | • Изработени физибилити студии во секоја општина | |
| | Воспоставени системи за одведување и третман на комунални отпадни води во урбаните и рурални средини во регионот | • % на опфат на системите<br>• Функционалност на системите | |
| | **Ризици** | | |
| | • Подготвеност на општините за тесна соработка<br>• Недостиг од финансиски средства<br>• Ниска јавна свест во однос на животната средина<br>• Законска регулатива | | |

| Конкретна цел 4.2 | **Програми** | **Индикатори** | **Извори на информации** |
|---|---|---|---|
| Воспоставени санитарно - технички стандарди во управувањето со отпадот во регионот и негово безбедно депонирање во регионална депонија | Изработка на физибилити студија за изградба на регионална депонија за Вардарскиот регион | • Изработена физибилити студија за регионална депонија | • Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ<br>• Јавни комунални претпријатија од регионот |
| | Изградба на регионална депонија и интегриран систем за управување со комуналниот и другите видови неопасен отпад во регионот | • Изградена регионална депонија<br>• Функционалност на регионалната депонија и системот за управување со отпад<br>• Намален број на диви депонии во регионот<br>• Количество на депониран и селектиран отпад<br>• % на задоволство на граѓаните од квалитетот на услуга | |
| | Затворање на веќе постоечките депонии и облагородување на просторот | • Број на затворени постоечки времени и диви депонии<br>• Облагородена површина<br>• Количина отстранет смет/отпад | |
| | **Ризици** | | |
| | • Недостиг од финансиски средства<br>• Ниска јавна свест во однос на животната средина<br>• Законска регулатива | | |

| Конкретна цел 4.3 | **Програми** | **Индикатори** | **Извори на информации** |
|---|---|---|---|
| Производство на енергија од обновливи и алтернативни извори | Изработка на физибилити студија за оценување на потенцијалите за искористување на обновливите видови на енергија (сонце, ветер) во регионот | • Изработена студија | • Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Министерство за животна средина и просторно планирање / на барање<br>• Министерство за економија / на барање<br>• Јавни комунални претпријатија од регионот / на барање |
| | Изработени и усвоени урбанистички планови надвор од населени места за искористување на обновливи и алтернативни видови енергија | • Број на усвоени урбанистички планови надвор од населени места | |
| | Изградба на капацитети за искористување на обновливи и алтернативни видови енергија | • Број на изградени ветро паркови<br>• Број на инсталирани сончеви колектори<br>• Зголемен % на застапеност на производство на електрична енергија од обновливи и алтернативни видови | |
| | Програма за потиткнување за користењето сонцето и ветерот за производство на електрична енергија | • Број на изработени проекти<br>• Број на поставени ветрници и сончеви колектори<br>• Произведена електрична енергија<br>• Број на ново вработени лица<br>• Број на домаќинства, и локални институции кои користат сончева енергија | |
| | **Ризици** | | |
| | • Недостиг од финансиски средства<br>• Недоволна финансиска исплатливост на енергетските инвестиции во алтернативни извори на енергија<br>• Законска регулатива | | |

## 6.7 Земјоделие и рурален развој

Оваа стратегиска област има основно значење за развојот на регионот како област со значајни површини на обработливо земјиште и пасишта, односно постоење на голем број на реки и чисти извори на слатки води. Профилот на регионот и неговата анализа овозможија согледување на постоењето на овие предуслови, кои заедно со традицијата на производство на квалитетно вино ја поставуваат оваа цел на нејзиното место. Конкуретното производство на храна би се темелело на следниве предности:

- вкупна аграрна површина од 146.000ha од која преку 70.000ha се земјоделско обработливо земјиште, а останатите 76.000ha се пасишта;
- во регионот е концентрирано повеќе од 40% од површините под лозови насади и повеќе од 30% од производството на вино во Македонија;
- регионот има долга и многу успешна традиција во производство на вино;
- регионот има добра инфраструктура за поддршка на земјоделските системи (4 леталишта за стопанска авијација) и одлични хидрографски потенцијали за развој на земјоделието (3 вештачки езера и разгранета речна мрежа),

и искористување на следниве можности:

- поддршка и развој на земјоделието преку оптимално искористување на ресурсите (човечки и природни), активностите за изградба на карго аеродром во Овчеполието и зголемените стимулации за развој на земјоделието;
- етаблирање и промоција на (регионални) производни групи кои ќе бидат нашироко препознатливи по своето име и потекло (вино со географско потекло, житарици, еколошко производство на храна, мед и производи од мед);
- постигнување на рамномерен регионален развој низ одржливо земјоделство и рурален развој.

За постигнување на оваа долгорочна стратегиска цел идентификувани се следниве четири конкретни краткорочни мерливи цели:

| Стратегиска цел 5:<br>Креирање на регионално одржливо земјоделство и одржлив рурален развој | | |
|---|---|---|
| Развој на агро-претприемништво | Дефинирање на конкурентен производ | Здружување на земјоделците и развој на коператнство |

Конкретна цел 5.1:
Развој на агро-претприемништво

Земјоделските производители и преработувачи во регионот се потпираат на класичните методи и постапки за производство и преработка на храна, и во многу ситуации не ги користат бенефициите од државата заради нивната неупатеност односно работа надвор од системот. Оваа конкретна цел е замислена како поттик за воведување на нови методи на основа на надворешна стручна помош и соработка со надворешни експерти. Целта е да се зголеми познавањето на модерните начини на производство на храна и воведување на производство на здрава храна која содржи многу поголеми можности за профитабилно работење. Истовремено, запознавањето на земјоделците со можностите кои ги овозможува нивната регистрација и бенефициите кои би ги добиле со тоа преку соработка со еден регионален

центар би резултирало во забрзан развој на агро-претприемништвото. Регионалниот центар за стимулација на земјоделството кој би се формирал во регионот би бил основа за реализација на програмските цели преку проекти за финансиска и стручна поддршка на земјоделскиот сектор. Работната група за планирање на регионалниот развој ги идентификува програмските активности за постигнување на оваа цел и заедно со индикаторите за следење и процена на резултатите од нивното спроведување се претставени во следната табела.

Конкретна цел 5.2:
Дефинирање на конкурентни производи

Активностите во рамките на оваа конкретна цел се надополнување на активностите во претходната. Како би било можно производство на квалитетни и стандардизирани производи, покрај едукацијата за новите технологии и стандарди, потребна е и поддршка за стандардизација и бредидирање на земјоделските производи од регионот. На тоја начин би било можно производство на земјоделски култури кои најдобро успеваат на регионалната почва истовремено правејќи ги овие производи препознатливи за крајниот купувач. Ова ќе биде сторено врз основа на Анализа за утврдување на конкурентни производи во регионот, врз чии резултати понатаму ќе се базираат брендовите на микро-регионите во Вардарскиот регион. Активностите за промоција и маркетинг ќе бидат реализирани од страна на регионална маркетинг агенција која ќе биде основана во рамките на оваа Програма.

Конкретна цел 5.3:
Здружување на земјоделците и развој на кооператнство

Оваа конкретна развојна цел има за цел да го поттикне и иницира здружувањето на деловните субјекти во агрокомплексот, индивидуалните земјоделци и производители на храна што би овозможило заеднички настап на надворешни пазари и развој на кооперантски односи. За постигнување на конкретната цел идентификувани се програмски активности и индикатори со кои ќе биде можно следење и процена на резултатите од нивното спроведување. Наедно, со истакнувањето на ризиците и можните негативни надворешни влијанија од опкружувањето се овозможува проактивно делување пред нивното појавување односно флексибилност во реализацијата на активностите за постигнување на конкретната цел.

Логичка рамка на стратегиската област:Земјоделие и рурален развој

<table>
<tr><th><u>Конкретна цел 5.1</u></th><th><u>Програми</u></th><th><u>Индикатори</u></th><th><u>Извори на информации</u></th></tr>
<tr><td rowspan="4">Развој на агро-претприемништво</td><td>Зголемување на знаењата и капацитетот на земјоделците<br>• Едукација на земјоделците од потребата за евидентирање и регистрирање како стопански субјект<br>• Воспоставување на систем на неформално и дополнително образование кај примарните земјоделски производители и преработувачкиот сектор</td><td>• Број на евидентирани земјоделци по општини<br>• Број на едуцирани земјоделци<br>• Број на регистрирани земјоделци по општини<br>• Број на новоотворени работни места<br>• Број на новоотворени МСП<br>• Број на отворени центри за едукација<br>• Број на едуцирани земјоделци<br>• Број на реализирани настани (семинари, трибини, обуки)<br>• Број на публикувани едукативни материјали<br>• Број на сертифицирани земјоделци</td><td rowspan="2">• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Регионален центар за бизнис поддршка / редовни извештаи<br>• Регионален Земјоделско-пензиски фонд / на барање<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Земјоделски здруженија<br>• Индивидуални земјоделци и Локални претпријатија<br>• Пакер центар/центри<br>• Централен регистер на РМ / на барање<br>• Министерство за земјоделство / на барање</td></tr>
<tr><td>Институционална поддршка на развојот на земјоделието<br>•<br>• Отворање на регионален центар за бизнис поддршка<br>• Помош за изработка на бизнис-планови<br>•</td><td>• Отворен регионален центар за бизнис поддршка<br>• Број на изработени планови<br>•</td></tr>
<tr><td colspan="3"><u>Ризици</u></td></tr>
<tr><td colspan="3">• Подготвеност на земјоделците да земат учество во процесот на евидентирање<br>•<br>•<br>• Финансиски средства за основање и работење на нови институции<br>• Неповолни економски окружувања<br>• Подготвеност на земјоделците за учество во заеднички активности (пакување)</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th>Конкретна цел 5.2</th><th>Програми</th><th>Индикатори</th><th>Извори на информации</th></tr>
<tr><td rowspan="5">Дефинирање на конкурентни производи</td><td>Изработка на анализа за утврдување на конкурентни производи</td><td>• Изработена анализа за конкурентен производ<br>• Утврден број на производи</td><td rowspan="3">• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Регионален центар за бизнис поддршка / редовни извештаи<br>• Регионална маректинг агенција / на барање<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Земјоделски здруженија<br>• Индивидуални земјоделци и Локални претпријатија</td></tr>
<tr><td>Создавање на бренд/ови на микро-регионите во Вардарскиот регион</td><td>• Број на брендирани производи</td></tr>
<tr><td>Промоција на регионалните брендови<br>• Формирање на регионална маркетинг агенција<br>• Подготовка на програма за промоција/ маркетинг на регионалните конкурентни производи</td><td>• Една маркетинг агенција на регионално ниво ставена во функција на земјоделците<br>• Изработена маркетинг стратегија<br>• Број на настапи на саеми Спроведени медиумски кампањи<br>• Број на потпишани договори за извоз на производи од регионот</td></tr>
<tr><td colspan="3">Ризици</td></tr>
<tr><td colspan="3">• Нетранспарентност на процесите на доделување на земјиште под концесија<br>• Подготвеност на сопственициите да земат учество во процесот на групирање<br>• Неповолни економски окружувања<br>• Немање на искуство во лобирање</td></tr>
</table>

| Конкретна цел 5.3 | **Програми** | **Индикатори** | **Извори на информации** |
|---|---|---|---|
| Здружување на земјоделците и развој на кооператнство | Вмрежување на земјоделците во регионот<br>• Формирање мрежа на земјоделци од Вардарскиот плански регион<br>• Формирање здружение на сезонски работници<br>• Промовирање на задругарство / кооперативнтски односи кај земјоделците од Вардарски регион | • Формирана мрежа на земјоделци<br>• Број на членови на мрежата<br>• Број на членови во здружението<br>• Број на склучени договори за сезонско ангажирање<br>• Број на формирани кооперативи<br>• Број на склучени кооперантски договори | • Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Регионален центар за бизнис поддршка / редовни извештаи<br>• Регионална маректинг агенција / на барање<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Земјоделски здруженија<br>• Индивидуални земјоделци и локални претпријатија<br>• Централен регистар на РМ / на барање<br>• Регистар на земјоделски стопанства /на барање |
| | Формирање на локални акциони групи по сектори | • Број на формирани ЛАГ<br>• Број на дефинирани проекти | |
| | Програма за утврдување на регистар на земјоделските стопанства според категории (Категоризација и катастер на земјоделско-преработувачките капацитети) | • Формиран регистар на земјоделски стопанства<br>• Изработен софтвер за регистар на земјоделските стопанства<br>• Квартално одржување и up-date/ирање на податоците | |
| | **Ризици** | | |
| | • Подготвеност на земјоделците да учествaат во формирање на мрежата<br>• Подготвеност на земјоделците за воспоставување на задруги и кооперантски односи<br>• Финансиски средства за основање и работење на нови институции<br>• Неповолни економски окружувања<br>• Законски ограничувања во однос на регистрирање на земјоделските стопанства | | |

## 6.8 Образование

Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им пружа можност на сите (децата, младите и возрасните) критички да размислуваат, да прават избор и да си го подобрат животот. Го разбива затворениот круг на сиромаштија и е клучен елемент на економскиот и социјалниот развој. (EFA, UNESCO)

Во текот на последните две децении, дојде до промена на барањата кои се поставуваат пред образовниот систем заради мноштвото иновации што се предизвикани од промените во окружувањето. Од една страна дојде до длабоки промени во хуманизмот и општествените уредувања, а од друга страна техничко - технолошкиот развој доживува експанзија до неочекувани граници. Истовремено, се продлабочува јазот меѓу развиените и неразвиените држави во светот, како и меѓу богатите и сиромашните во една држава пришто процесот на глобализација се промовира во сите сфери. Во такви услови се менуваат системите на вредности и начинот на живеење, а трендовите ги диктираат стопанските субјекти односно економијата. Кај младите генерации се зголемува желбата за подобар квалитет на живеењето и создавањето нови добра преку стекнување и употреба на знаењето, поголема еколошка свест, и поголема индивидуалност и самостојност.

Во вакви околности, од основно значење е прилагодувањето на образованието кон новите барања, но надградени на солидна инфраструктурна и кадровска основа. Сето ова бара решавање на инфраструктурните потреби во образованието како основа за создавање на еднакви можности за образование во сите средини и профилирање на кадри за потребите на регионалниот економски развој во рамките на оваа конкретна цел.

| Стратегиска цел 6:<br>Развој на ефективен образовен систем кој ќе биде базиран на вредности, ќе биде широко достапен и ќе биде во состојба да ги подготови корисниците за животните предизвици | | | |
|---|---|---|---|
| Решавање на инфраструктурните, потреби во образованието | Создавање на еднакви можности за образование во сите средини | Согледување на потребите за профилирање на кадар во функција на регионалниот развој | Јакнење на педагошко-стручните капацитети на наставниот кадар |

### Конкретна цел 6.1:
Решавање на инфраструктурните, потреби во образованието

Оваа конкретна цел има најголема тежина во очекуваното вкупно подобрување на образованието во Вардарскиот регион. Преку реконструкција на пред-училишните и училишните објекти, активно вклучување на наставниот кадар во согледувањето и решавањето на инфраструктурните потреби и оптимизација на училишната мрежа ќе се создадат услови за развој на ефикасно, модерно образование во регионот. Изградба на спортски и рекреативни објекти во рамките на училиштата ќе биде дополна во изградба на младите во ментално и физички здрави личности.

### Конкретна цел 6.2:
Создавање на еднакви можности за образование во сите средини

Еднаквниот пристап до образованието во рамките на оваа Програма ќе биде овозможен со зафати на реконструкција на патната мрежа и мерки за организација на превозот на ученици до и од училиштата.

Конкретна цел 6.3:
Согледување на потребите за профилирање на кадар во функција на регионалниот развој Во современиот пристап, на образованието се гледа како на инвестирање и заради тоа е неупатно да се одржува образовен систем кој продуцира кадри кои се несоодветно подготвени да одговорат на потребите на пазарот на трудот. Денес во светот постои силно изразена тенденција за создавање на претприемничко општество, општество каде секој учесник на пазарот на трудот ќе биде во состојба да реагира на промените и со својот труд во секој момент квалитетно да придонесува за својата, но и за општата благосостојба. Заради тоа, во рамките на активностите за постигнување на оваа конкретна цел се предвидени мерки за Согледување на потребите за профилирање на кадар во функција на регионалниот развој, што може да послужи како основа за прилагодување на образовните институции кон растечките потреби, но и кон бројот и разновидноста на целните групи од аспект на регионалниот економски развој. Анализа на потребите на пазарот на трудот и кадарот ќе поддржи флексибилност и адаптибилност на институциите и нивен пристап кон промените кои ќе бидат надополнети со дисперзирани студии по економија.

Конкретна цел 6.4
Јакнење на педагошко-стручните капацитети на наставниот кадар
Јакнењето на педагошко-стручните капацитети на наставниот кадар е пред се задолжение на Министерството за образование и наука. Меѓутоа, со оглед на тоа што образованието е идентификувано како една од приоритетните области во регионалниот развој, во истата може да се делува и со дополнители мерки кои ќе придонесат за постигнување на уште поголеми ефекти. Тоа ќе се постигне преку размена на искуства и трансфер на педагошко-стручните практики од образовните системи на развиените земји.

Логичка рамка на стратегиската област Образование

<table>
<tr><th><u>Конкретна цел 6.1</u></th><th><u>Програми</u></th><th><u>Индикатори</u></th><th><u>Извори на информации</u></th></tr>
<tr><td rowspan="7">Решавање на инфраструктурните, потреби во образованието</td><td>Реконструкција напредучилишните и училишните објекти</td><td><ul><li>Подготвена анализа за санација на училишните објекти</li><li>Број на реновирани и опремени објекти</li></ul></td><td rowspan="3"><ul><li>Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај</li><li>Општини / годишен извештај</li><li>ЛЕР канцеларии / времени извештаи</li><li>Агенција за млади и спорт / на барање</li><li>Основни и средни училишта во регионот</li><li>Министерство за образование / на барање</li><li>Министерство за труд и социјална политика / на барање</li></ul></td></tr>
<tr><td>Изградба на спортски и рекреативни објекти</td><td><ul><li>Спроведена анкета за корисници на спортски објекти (потенцијални)</li><li>Изграден по еден спортски објект во урбаните и руралните средини каде нема</li></ul></td></tr>
<tr><td>Создавање услови за развој на ефикасно, модерно образование<ul><li>Пермането едукација на наставниот кадар</li><li>Оптимизација на училишната мрежа</li></ul></td><td><ul><li>Број на отворени дисперзирани паралелки на средни училишта во поголемите селски средини</li><li>Покрената иницијатива за намалување на бројот на ученици по паралелка</li><li>Просечен успех на ученици</li><li>Број на наградени ученици</li><li>Број на воншколски активности</li><li>Изработена анализа за училишната мрежа во регионот</li><li>Број на одржани настани за зголемување на квалитетот нанаставниот кадар</li><li>Број на поединци од наставниот кадар кои земале учество во настаните за зголемување на квалитетот</li></ul></td></tr>
<tr><td>Децентрализирање на капитални инвестиции</td><td><ul><li>Поднесена иницијатива до соодветните институции</li></ul></td><td><ul><li></li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="3"><u>Ризици</u></td></tr>
<tr><td colspan="3"><ul><li>Спремност на наставниот кадар да учества во активности за надградба на знаењето</li><li>Недостаток на финансиски средства за самостојна реализација на предвиденото</li><li>Спремност за соработка на Министерството за образование во однос на оптимизацијата на училишната мрежа</li></ul></td></tr>
</table>

<table>
<tr><th><u>Конкретна цел 6.2</u></th><th><u>Програми</u></th><th><u>Индикатори</u></th><th><u>Извори на информации</u></th></tr>
<tr><td rowspan="4">Создавање на еднакви можности за образовани е во сите средини</td><td>Реконструкција на патна мрежа</td><td>• Број на км од изградени / санирани патишта во регионот<br>• Формиран линиски превоз за регионот</td><td rowspan="2">• Центар за развој на Вардарскиот регион / годишен извештај<br>• Општини / годишен извештај<br>• ЛЕР канцеларии / времени извештаи<br>• Агенција за млади и спорт / на барање<br>• Основни и средни училишта во регионот<br>• Министерство за образование / на барање<br>• Фонд за патишта / на барање</td></tr>
<tr><td>Програма за организација на превозот на ученици</td><td>• Број на средношколци кои што патуваат<br>• Набавени училишни автобуси за локален транспорт</td></tr>
<tr><td colspan="3"><u>Ризици</u></td></tr>
<tr><td colspan="3">• Недостаток на финансиски средства за самостојна реализација на предвиденото</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th><u>Конкретна цел 6.3</u></th><th><u>Програми</u></th><th><u>Индикатори</u></th><th><u>Извори на информации</u></th></tr>
<tr><td rowspan="4">Профилира ње на кадри за потребите на регионалнио т економски развој</td><td>Анализа на потребите на пазарот на трудот и кадарот</td><td>• Подготвена анализа на пазарот на труд<br>• Функционална мрежа од средни стручни училишта за профилирање на кадар</td><td rowspan="2">• Општини / годишен извештај<br>• Министерство за образование / на барање<br>• Универзитет Св. Кирил и Методиј/ на барање<br>• Универзитет Св. Климент Охридски/ на барање</td></tr>
<tr><td>Дисперзирани за економски студии</td><td>• Отворен економски факултет<br>• Број на запишани студенти<br>• Број на дипломирани студенти</td></tr>
<tr><td colspan="3"><u>Ризици</u></td></tr>
<tr><td colspan="3">• Недостаток на финансиски средства за самостојна реализација на анализата<br>• Спремност на Министерството да финансира отварање на дисперзирани економски студии</td></tr>
</table>

# 7.

# Спроведување на Програмата за развој на Вардарскиот плански регион

## 7.1 Основни принципи за спроведување на Програмата за развој на Вардарскиот регион

Програмата за развој на Вардарскиот регион е направена на тој начин што нејзината реализација започнува со спроведување на помали и краткотрајни програми/проекти, кои имаат помали трошоци, но нивните резултати се влез за реализација на останатите приоритетни програми.

За имплементација на Програмата за развој на регионот ќе биде одговорен Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, како тело кое според Законот за рамномерен регионален развој е задолжено за спроведување на регионалните развојни политики во регионите и кое е основано од општините. Задачите на Ценатрот ќе бидат да:

- Ја подготви годишната листа[9] на предлог проекти за развој на планскиот регион и најкасно до крајот на месец септември во тековната година да ја достави листата на усвојување на Советот за развој на регионот;
- Ги подготвува програмските/проектните документи предвидени за реализација во текот на следната календарска година според годишната листа на предлог проекти усвоена од Советот (према формуларот во Анекс 4.);
- Подготви или организира тим за подготовка на сите потребни документи;
- Работи на обезбедување на финансиски средства за реализација на програмите / проектите (за што ќе биде соодветно награден), и
- Ја следи имплементацијата на програмите/проектите, врши контрола на спроведените проекти/програми и биде врска со Работната група за развој на Вардарскиот регион и општинските администрации во однос на Програмата за развој..

Вработените во центарот е потребно да имаат познавања од управување со проектен циклус и да имаат искуство во идентификација, планирање и имплементација на проекти. Од тие причини, инстуционалното зајакнување на Центарот е од суштинско значење за успех на предвидените програми.

## 7.2 Основни принципи за следење и оценка на спроведувањето на Програмата за развој на Вардарскиот регион

Во текот на секоја секоја година од имплементацијата на Програмата за развој, Центарот за развој на регионот треба да поднесе извештај до Советот за развој на Вардарскиот регион односно до неговиот претседател, претставувајќи ги истовремено резултатите на работата во претходниот период и планираните програми и проекти за следниот период. Извештајот понатаму ќе биде проследен до Советот за рамномерен регионален развој и Советите на

[9] Годишната листа на предлог проекти ќе содржи Акционен план кој во себе ќе вклучува годишен приоритет, прецизна временска рамка, одговорности во спроведувањето и потребни финансиски средства.

општините кои го сочинуваат Вардарскиот регион од страна на Советот за развој на Вардарскиот регион. Покрај информациите за реализираните и планираните активности, извештајот треба да содржи доволно информации за тековните активности, анализи и податоци за индикаторите на тековните програми и цели, а во исто време и информации од претходните години (т.н. Ревизија на планот). Тоа ќе овозможи, сите чинители во процесот на регионален развој да можат да дадат насоки и инструкции за планот во наредната година.

Во текот на годината Раководителот на Центарот за развој на Вардарскиот регион ќе има редовни тримесечни средби со претседателот на Советот на регионот на кои ќе го информира за тековните моменти од спроведувањето на Програмата за развој, за постигнатите планирани резултати и индикатори за сите проекти и програми во тековната година. Со овој процес се овозможува континуирано следење и контрола на Програмата планираниот временски период, а во исто време е можна оцена на планираните и спроведените мерки за развој на регионот однсно нивна надградба.

Оценувањето на Програмата за развој на Вардарскиот регион ќе се врши прелиминарно, тековно и завршно. Прелиминарното оценување се врши пред почетокот на нејзиното спроведување за проверка на кохерентноста и усогласеноста на целите, приоритетите и мерките помеѓу Стратегијата за регионален развој и Програмата, како и нивната усогласеност со целите, мерките и приоритетите во стратешките развојни документи на национално ниво и програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија.

Тековното оценување се врши на средина од периодот на нејзиното спроведување од страна на стручни лица кои на ниту еден начин не биле вклучени во нејзиното спроведување. Со тековното оценување се прави оценка на реализацијата и ефектите од спроведените мерки за поттикнување регионален развој, идентификувани во Програмата.

Завршното оценување се врши по завршувањето на периодот на спроведување на Програмата од страна на стручни лица кои не биле на ниту еден начин вклучени во нејзиното спроведување. Со завршното оценување се прави оценка на степенот на реализација на планскиот документ, исполнувањето на приоритетите и целите од планските документи и за постигнатите ефекти за поттикнување рамномерен регионален развој.

Голема е веројатноста дека во текот на имплементацијата на Програмата за развој на Вардарскиот регион ќе дојде до промена на некои од влезните големини или некои од предвидените ризици ќе се манифестираат со различен интензитет (било поголем или помал) од тој кој бил земен предвид во процесот на стратегиското планирање. Тоа ќе води кон идентификување на дополнителни проекти и програми кои се во согласност со стратегиските цели на планот односно политиките за достигнување на крајната цел – Визијата, а се во склад со моменталната состојба во регионот. Центарот за развој на регионот, како тело кое ја согледало потребата за дополнување на програмската или проектната листа, ќе биде носител на процесот за внесување на новините во програмата заедно со работната група за развој на Вардарскиот регион, односно ќе изврши негова ревизија.

# 8.

## Анекси

**Анекс 1** **Листа на членови на Работната група за планирање на регионалниот развој на Вардарски регион**

**Заштита на животната средина**

| учесник | институција |
|---|---|
| Стефче Пејчиновски | ЕЛС Св.Николе |
| Тони Петков | ЕЛС Д.Капија |
| Игор Смилев | ЕД „Зелена енергија“, Велес-Чашка |
| Раде Милосевски | ЈПКД Тополка, Чашка |
| Добринка Алексова | ЕЛС Кавадарци |
| Билјана Шуркова Танаскова | ЕЛС Велес |
| Димитар Поповски | ЕЛС Кавадарци |
| Бранко Вељанов | ЕЛС Неготино |
| Драган Христов | ЕЛС Неготино |
| Игор Славкоски | консултант |

**Образование**

| учесник | институција |
|---|---|
| Ивица Златковиќ | ЕЛС Неготино |
| Слободанка Кртева | ЕЛС Неготино |
| Билјана Донева | ЕЛС Чашка |
| Ано Несторов | ЕЛС Кавадарци |
| Благица Ласовска | ЕЛС Св.Николе |
| Мирјана Таскова | ЕЛС Градско |
| Катица Чадиева | ЕЛС Велес |
| Јулијана Даскалов | консултант |

**Економски развој**

| учесник | институција |
|---|---|
| Сашко Ристовски | ЕЛС Велес |
| Лидија Пљакова | ЕЛС Чашка |
| Фросина Петрушевска | ЕЛС Св.Николе |
| Лолита Ристова | ЕЛС Неготино |
| Миле Лазов | ЕЛС Д.Капија |
| Рузица Тричковска | ЕЛС Градско |
| Марика Новакова | ЕЛС Градско |
| Таска Симоновска | ЕЛС Градско |
| Горан Ангелов | консултант |

**Инфраструктура**

| учесник | институција |
|---|---|
| Марика Новакова | ЕЛС Градско |
| Дејан Дуровиќ | ЕЛС Неготино |
| Тони Петков | ЕЛС Д.Капија |
| Марјан Давитков | ЕЛС Св.Николе |
| Раде Милосевски | ЕЛС Цаска |
| Снежана Цветкова | ЕЛС Неготино |
| Горан Ангелов | консултант |

**Развој на туризмот**

| учесник | институција |
|---|---|
| Слободанка Кртева | ЕЛС Неготно |
| Јован Павлов | НВО, Чаша |
| Ордана Николова | Културен центар, Д.Капија |
| Александар Данев | Директор на Музеј на Св.Николе |
| Влатко Лалков | ЕЛС Кавадарци |
| Игор Славкоски | консултант |

**Земјоделие и рурален развој**

| учесник | институција |
|---|---|
| Саоп Сарагимов | Меридијан Чашка |
| Даниела Андонова | ФОРОП |
| Никола Шалев | ФОРОП |
| Лидија Пљакова | ЕЛС Чашка |
| Таска Симоновска | Вардар03, Градско |
| Ружица Трицковска | ЕЛС Градско |
| Младен Петров | ЕЛС Д.Капија |
| Александар Јованов | ЕЛС Неготино |
| Љубица Наумчева | ВиноПроект, Кавадарци |
| Јулијана Даскалов | консултант |

Анекс 2 Листа на поединци вклучени во подготовката на Програмата за развој на Вардарски регион

| Име и Презиме | Институција | Фукнција |
|---|---|---|
| Лилјана Алчева | УНДП | Манеџер на проект |
| Анета Дамјановска | УНДП | Координатор на проект |
| Александар Бузалков | Центар за развој на ВПР | Раководител |
| Татјана Ѓурова | Центар за развој на ВПР | Координатор за РР |
| Марко Колев | Центар за развој на ВПР | Координатор за РР |
| Горан Ангелов | УРЦ, Скопје | Консултант |
| Глигор Стојков | ФаСТО, Скопје | Консултант |
| Игор Славкоски | УРЦ, Скопје | Консултант |
| Јулијана Даскалов | УРЦ, Скопје | Консултант |

## Анекс 3. SWOT анализи на состојбите во поединечните развојни области

### SWOT анализа на состојбите во областа на економскиот развој и индустриското производство

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| - Геостратешка положба на регионот - транзитен центар во државата<br>- Богатство на природни ресурси (вода, шуми, реки, минерални суровини, ливади, пасишта)<br>- Долга традиција и развиено производство на вино<br>- Развиена индустрија (метална, тутунска и прехрамбена)<br>- Добра покриеност на населените места со патна (локални, регионални и магистрални патишта) и железничка мрежа<br>- Постоење на енергетски комплекс (ТЕЦ Неготино и трафоастаница Дуброво) од национално значење и дел од нафтоводот Солун – Скопје<br>- Квалификувана работна сила и производствени погони за текстил | - Висок степен на невработеност и голем број на социјални случаи<br>- Ниско ниво на општо образование и информитраност на грѓанството<br>- Недостаток на стручен кадар<br>- Низок стандард на населението<br>- Лоша постоечка состојба на дел од магистралните и регионалните патишта, како и на локалната патна мрежа<br>- Низок економски развој во руралните средини<br>- Недоволно финансиски моќни општини<br>- Изумирање и губење на идентитетот на старите занаети<br>- Земјиштето во индустриските зони е во сопственост на државата<br>- Ниска спремност на приватниот сектор за стапување во бизнис здруженија. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Програма за прекугранична соработка со Грција<br>- Изградба на коридорот 10, и централната траса на коридорот 8<br>- Граничење со скопскиот плански регион и брз пристап до аеродромот Александар Велики во Петровец, Скопје<br>- Изградба на гасоводниот систем<br>- Напуштени објекти кои се во сопственост на државата<br>- Искористување на можностите кои ги дава Законот за слободни економски зони<br>- Зголемен тренд на побарувачка за текстилните производи и здрава храна (органски производи) на Светските пазари<br>- Зголемен обем на националните и меѓународните фондови за развој достапни на регионот | - Инертност во спроведување на законитеи постоење на нелојална конкуренција<br>- Политика на високи каматни стапки од страна на банките<br>- Рестриктивна социјална политика на државата<br>- Монопол на одредени институции<br>- Глобални климатски промени<br>- Раст на цената на електричната енергија и нафтата<br>- Недоволни извори на финансирање и рестриктивен централен буџет<br>- Строг визен режим на земјите од ЕУ односно отежнат пристап на претприемачите до целните пазари<br>- Висока цена на постоечкото градежно земјиште |

SWOT анализа на условите за Туризам, култура и спорт во Вардарскиот регион

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
| --- | --- |
| - Природни, културно - историски и комуникациски потенцијали за развој на транзитниот туризам<br>- Постоење на терени за ловен туризам и развиен ловен туризам во регионот<br>- Постоење на значителни туристички капацитети<br>- Богатство на културно наследство (манастири, цркви, археолошки локалитети, споменици)<br>- Формирана фондација Тиквешки Вински пат (Неготино, Кавадарци, Демир Капија и Росоман) за развој на алтернативен и вински туризам<br>- Постоење на скијачкиот центар на планината Кожув<br>- Одлична патна и железничка поврзаност на и лесна достапност на регионот | - Непостоење на дефинирана, повеќеслојна туристичка понуда<br>- Непостоење на едно тело за промоција на туризмот и поддршка на индидивуалците и компаниите во туризмот<br>- Недоволна искористеност на сместувачките капацитети<br>- Недоволен број на спортски рекреативни капацитети (терени)<br>- Недоволна комуникација помеѓу музејските институциите<br>- Недоволна истраженост на археолошките капацитети<br>- Недоволна промоција на туристичките потенцијали<br>- Недоволно заштитени културно - историски локалитети<br>- Недостаток на културни манифестации<br>- Неразвиена свест за можностите на туризмот<br>- Негрижа и неодржување на постоечките одмаралишта и сместувачки капацитети |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Светски тренд во развој и побарувачка на услуги поврзани со одржливиот туризам<br>- Голем број на транзитни туристи<br>- Заинтересираност на туроператорите за регионот и на меѓународни институции и фондови за инвестиции во културата<br>- Близината на Грција<br>- Близина до главниот град – Скопје како централен економски дел на земјата и на Аеродромот Александар Велики<br>- Искористување на постоечките туристички капацитети за припрема на спортски екипи и одржување на културно - забавни активности<br>- Развој на вински туризам<br>- Искоритување на можностите за одржлив алтернативен туризам (еко, манастирски, селски, планинарски, спелеолошки туризам, алпинизам, спортско качување итн.)<br>- Афирмација на културното наследство (манастири, археолошки локалитети, културни споменици) | - Селективно и нецелосно спроведување на законската регулатива во однос на контрола на ловот и риболовот<br>- Намалена инвестициона активност и интерес за инвестирање во туризам, култура и спорт<br>- Намалување на бројот на високо образовани лица кои остануваат во регионот и одлив на стручен кадар<br>- Политички случувањата во нашата поблиска околина<br>- Неповолен развој во непосредното економско опкружување<br>- Сериозна опасност од глобална рецесија која би ја намалила економската активност во земјата и целните пазари. |

SWOT анализа за инфраструктурната и енергетската состојба во Вардарскиот регион

| **ПРЕДНОСТИ** | **СЛАБОСТИ** |
|---|---|
| - Геостратешка положба на регионот - транзитен центар во државата<br>- Голем број на сончеви часови во годината и значајно присуство на ветер како алтернативни извори на енергија<br>- Постоење на хидрографски потенцијали за развој на земоделието (хидроакумулации:Тиквеш, Лисиче и Младост)<br>- Природен резерват „Тиквешко езеро“<br>- Над 90% покриеност со канализациона мрежа во урбаните средини<br>- Добра покриеност на населените места со патна (локални, регионални и магистрални патишта) и железничка мрежа<br>- Добра инфраструктура за поддршка на земјоделските и иригационите системи (4 леталишта за стопанска авијација)<br>- Постоење на енергетски комплекс (ТЕЦ Неготино и трафоастаница Дуброво) од национално значење и дел од нафтоводот Солун-Скопје<br>- Висок процент на покриеност на урбаните средини со системи за водоснабдување | - Недостаток на вода за пиење во руралните средини<br>- Застарена водоводна мрежа во градските средини<br>- Недоволни капацитети за пречистување на отпадните води<br>- Непостоење на канализациона мрежа во руралните средини<br>- Незадоволувачки санитарно-технички стандарди за безбедно депонирање на цврст комунален отпад и постоење на голем број на диви депонии во руралните средини<br>- Лоша постоечка состојба на дел од магистралните и регионалните патишта, како и на локалната патна мрежа<br>- Непостоење на подземен катастер<br>- Недоволно финансиски моќни општини<br>- Јавно градежно земјиште во сопственост на државата<br>- Застарена урбанистичка документација и нецелосна покриеност на населените места со планска документација |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Можност за надградба на инфраструктурата низ прекугранична соработка со Р. Грција и Р.Бугарија<br>- Изградба на коридорот 10, и централната траса на коридорот 8<br>- Изградбата на „Вардарска Долина“<br>- Граничење со скопскиот плански регион и брз пристап до аеродромот Александар Велики во Петровец, Скопје<br>- Изградбата на карго аеродром „Овче Поле“<br>- Изградбата на автопатот Миладиновци-Св.Николе-Штип<br>- Поставување на систем за депонирање на цврст комунален отпад и изградба на регионални депонии<br>- Изградба на гасоводниот систем<br>- Примена на позитивната законска регулатива за индустриски отпадни води (според ЕУ стандарди)<br>- Можности за производство на електрична енергија од обновливи извори (сончева, хидро и енергија на ветрот);<br>- Искоритување на позитивното законодавство за прозиводство на сончева енергија. | - Недоволни извори на финансирање на општините<br>- Недоволно прецизна политика на државата кон капиталните инвестиции<br>- Отпор на локалното население кон изградба на регионалните депонии<br>- Зголемување на цената на електричната енергија и нафтата<br>- Гео-политички случувања во нашето соседство (односи на Македонија со Грција и односи на Македонија со Косово и Србија)<br>- Глобални климатски проблеми<br>- Глобална економска криза (рецесија) и намалување на големината на инвестициите како резултат<br>- Постојаната промена на законодавството |

SWOT анализа на животната средина во Вардарскиот регион

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| - Богатство на природни ресурси (вода, шуми, реки, минерални суровини, ливади, пасишта) и споменици на природата (природен резерват „Тиквешко езеро“, споменик на природата „Демир-Kаписка клисур карактеристичен пејсаж Бабуна<br>- Голем број на сончеви часови во годината и значајно присуство на ветер како алтернативни извори на енергија<br>- Постоење на хидрографски капацитети за развој на земјоделието (хидроакомулации: Тиквеш, Лисиче и Младост)<br>- Добра соработка меѓу невладиниот сектор и единиците на локалната самоуправа<br>- Развиени капацитети на единиците на локалната самоуправа за примена на европските стандарди за усогласување со оперативни планови<br>- Добра организираност на невладиниот сектор за заштита на животната средина и спречување на нови инвестиции со негативни еколошки последици | - Постоење на депонии со индустриски отпад (високо токсичен отпад – индустриски жаришта – hot spots)<br>- Индустриски загадувачи (Фени, ТЕЦ Неготино, МХК, БИМ Свети Николе и др.)<br>- Недоволни капацитети за одведување и пречистување на отпадните води<br>- Непостоење на канализациона мрежа во руралните средини и недоволно сепарирање на фекалната и атмосферската канализациона мрежа во урбаните средини<br>- Слаба пошуменост на регионот<br>- Недефинирана локација за безбедно депонирање на цврст комунален отпад (регионална санитарна депонија) и постоење на диви депонии, особено во руралните средини<br>- Недостаток на еколошка свест кај населението и бизнис секторот<br>- Недоволна покриеност со мерни станици за загадувањето на почвата, воздухот и водата<br>- Недоволно обучени и специјализирани кадри во областа на заштитата на животната средина<br>- Непостоење на специјализирани одделенија во рамките на општините за животна средина<br>- Слаба регионална соработка<br>- Непостоење  соодветен систем за управување со отпад (собирање, транспортирање, селектирање депонирање) во урбаните и руралните средини. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Постоење на гасоводниот систем<br>- Соработка и користење на искуства од збратимени градови<br>- Користење на националните и меѓународните фондови за подобрување на заштитата на животната средина<br>- Позитивна законска регулатива за животна средина<br>- Светски трендови во побарувачката на здрава храна (органско производство) и зголемени стимулации од државата за производство на органска храна (премии, регреси и субвенции)<br>- Светски трендови во развојот на одржлив еко-туризам<br>- Меѓуопштинската и прекуграничната соработка како можност за надградба на „меката“ и „тврдата“ инфрастрктура за заштита на животната средина. | - Инертност во спроведување на законите<br>- Глобални климатски промени<br>- Уништување на флората и фауната<br>- Често менување на правната регулатива<br>- Слаба економска моќ на граѓаните и бизнис секторот<br>- Недоволна координација на надлежни државни институции со општините околу издавање концесии, дозволи, согласности<br>- Глобална економска криза (рецесија)<br>- Ниска поставеност на инвестициите во заштитата на животната средина на приоритетната листа на централната власт |

SWOT анализа на развојот во земјоделието и руралните средини

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
| --- | --- |
| - Големи површини со обработливо земјиште и традиција за производство на полјоделски, овоштарски и лозарски култури<br>- Регионот е Центар на винската индустрија во Македонија и поседува огромни искуства и знаења во производството на квалитетно вино<br>- Геостратешка положба на регионот - транзитен центар во државата<br>- Богатство на природни ресурси (вода, шуми, реки, минерални суровини, ливади, пасишта)<br>- Голем број на сончеви часови во годината<br>- Постоење на хидропотенцијали за развој на земјоделието хидроакумулации: Тиквеш, Лисиче и Младост)<br>- Природен резерват Тиквешко езеро и Демиркаписката клисура<br>- Развиена тутунска и прехранбена индустрија<br>- Добра инфраструктура за поддршка на земјоделските (4 леталишта за стопанска авијација) и иригационите системи | - Забрзано демографско стареење<br>- Несоодветен квалитет на расположлива работна сила и ниско ниво на образование<br>- Слабо населени ридско-планински места<br>- Лоша состојба на локалната патна мрежа<br>- Неорганизиран откуп на земјоделски производи<br>- Голем број од индивидуалните земјоделци кои не се регистрирани како економски субјекти<br>- Низок економски развој во руралните средини<br>- Недоволно финансиски моќни општини<br>- Невоволно развиено сточарство<br>- Пластеници и стакленици<br>- Нафункционирање на хидро-мелиоративните системи<br>- Немање на соодветен стручен кадар во земјоделството<br>- Недоволно здружување на земјоделците<br>- Непостоење на центри за неформално и дополнително образование<br>- Низок степен на едуцираност и информираност на земјоделците и примена на агротехничките мерки од претходните генерации<br>- Непостоење на стратешки производ во регионот (регионална застапеност/ предности)<br>- Непостоење на регионална агро-берза |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Искористување на климатско-почвените услови за развој на земјоделството и искористување на обновнливите извори на енергијата<br>- Можност за прекугранична соработка Грција<br>- Изградба на коридорот 10, и централната траса на коридорот 8<br>- Граничење со скопскиот плански регион и брз пристап до аеродромот Александар Велики во Петровец, Скопје<br>- Изградба во КАРГО аеродром во Овчеполието<br>- Користење на националните и меѓународните фондови<br>- Светски трендови во побарувачката на зрава храна (органско производство)<br>- Зголемени стимулации од државата за развој на земјоделието (премии, регресии, субвенци, сл)<br>- Користење на заштитни мрежи<br>- Изградба на мали брани и акумулации за атмосферска вода | - Недоволни извори на финансирање со високи каматни стапки<br>- Недостапност на кредитните линии за земјоделците<br>- Постоење на нелојална конкуренција<br>- Глобални климатски промени<br>- Загадени водени ресурси и неможност на користење на реката Вардар за наводнување<br>- Зголемување на цената на електричната енергија и нафтата<br>- Скапа земјоделска опрема и механизација<br>- Промена на квотите на ЕУ за увоз на вино од Македонија. |

SWOT анализа на образованието како стратегиска област за развојот во Вардарскиот регион

| **ПРЕДНОСТИ** | **СЛАБОСТИ** |
|---|---|
| - Постоење на високо-образовни институции во регионот (Велес - Техничко-технолошки факултет, Свети Николе – Славјански универзитет)<br>- Регионална соработка на основните училишта<br>- Соработка помеѓу единиците на локалната самоуправа и училиштата во регионот<br>- Компјутерска опременост на училиштата<br>- Добра регионална дисперзираност на образовните институции | - Застарени и дотраени училиш ни објекти (кров, подови, електрична инсталација, прозорци, сали, санитарни јазли)<br>- Недоволна опременост на училиштата со нагледни средства и училишна опрема<br>- Недостаток на финансиски средства за соодветно одржување на училиштата<br>- Недостаток на нагледни средства за образование на децата со посебни потреби<br>- Нередовно посетување на настава кај дел од Ромската популација<br>- Постар наставен кадар кој применува наставно-научни метопди кои се не секогаш во духот на времето<br>- |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Осовременување со нови наставни методи и форми на работа - стручно усовршување на наставниот кадар согласно европските стандарди<br>- Збогатување на обуката, реобуката и напредувањето на наставниците, кои во редовното образование работат со децата со посебни образовни потреби<br>- Искористување на средства од меѓународните донатори и националниот буџет за реконструкција на објектите и подобрување на условите за работа во училиштата<br>- Потесна соработка со родителите и учениците во насока на подобрување на воспитно образовниот процес<br>- Соработка со бизнис секторот и негово вклучување во: (1) подготовката на наставните програми и планови во училиштата, како и во текот на полагањето и оценувањето, односно (2) орагнизирањето на практична настава за средношколци и студенти<br>- Искоритување на можностите за реализација на Јавно - приватни партнерства во сферата на образованието<br>- Остварување и соработка со домашни и меѓународни организации<br>- Доекипирање на човечките капацитети во образовните установи | - Намалување на наталитетот и соодветно осипување на бројот на ученици– општ тренд во регионот<br>- Недоволно предвидени средства за дотации во сферата на образованието од страна на централната власт |

## Анекс 4. Користени кратенки

| | |
|---|---|
| ГУП | Генерален урбанистички план |
| ДУП | Детален урбанистички план |
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗЖС | Заштита на животната средина |
| ИПА | Предпристапни фондови на Европската унија |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| ЈЗУ | Јавна здравствена установа |
| ЛЕР | Локален економски развој |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство |
| НВО | Невладини организации |
| РМ | Република Македонија |
| ТЕЦ | Термо електро централа |
| SWOT | Анализа на актуелната состојба - кратенка од: Strength (Силни страни), Weaknesses (Слаби страни), Opportunities (Можности) и Threats (Закани) |
| УНДП | Програма за развој на Обединети нации |

Анекс 5. Носители на политиката на рамномерен регионален развој

***Организациска структура***

Носители на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој се:

- Владата на Република Македонија;
- Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија[10];
- Министерството за локална самоуправа, и
- Советот за развој на планскиот регион[11].

Покрај госпоменатите, носители на процесот на планирање на регионалниот развој и спроведување на планските документи за регионален развој се и:

- Бирото за регионален развој[12], и
- Центар за развој на планскиот регион.

***Задачи и надлежности на носителите на рамномерниот регионален развој*** [13]

Совет за рамномерен регионален развој

Советот за рамномерен регионален развој има надлежност и задача да:

- ја усогласува политиката за поттикнување рамномерен регионален развој со секторските политики и макроекономската политика на Република Македонија;
- ја утврдува Предлог-стратегијата за регионален развој;
- дава претходна согласност за програмите за развој на планските региони;
- ја утврдува Предлог-листата за подрачја со специфични развојни потреби;
- утврдува Предлог-одлука за класификација на единиците на локалната самоуправа и планските региони според степенот на развиеност;
- утврдува предлог за финансирање на конкретни проекти од средствата од Буџетот на Република Македонија, наменети за развој на планските региони, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата;
- дава мислење по извештаите за спроведување на планските документи за регионален развој;
- иницира разгледување на прашања од областа на регионалниот развој за кои е неопходна координација меѓу Владата на Република Македонија, единиците на локалната самоуправа и другите засегнати страни; и
- разгледува други прашања од областа на рамномерниот регионален развој.

[10] Членови на Советот се:
- Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања;
- Министрите за локална самоуправа, финансии, економија, транспорт и врски, труд и социјална политика, култура, животна средина и просторно планирање и земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Претседателите на Советите за развој на планските региони, и
- Претседателот на ЗЕЛС – Заедницата на единиците на локалната самоуправа, и
- Научни и стручни лица од областа на регионалниот развој (незадолжитени и непостојани членови).

[11] Членови на овој совет се градоначалниците на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на планскиот регион
[12] Бирото е орган во состав на Министерството за локална самоуправа
[13] Според Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија објавен во Службен Весник бр. 63/07

Министерство за локална самоуправа

Министерството за локална самоуправа ги врши следните работи:

- ја организира и координира подготовката на националните стратешко-плански документи за регионален развој;
- обезбедува усогласеност на Стратегијата со програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија;
- подготвува и доставува на Владата на Република Македонија извештаи за спроведување на планските документи за регионален развој;
- ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој;
- врши и други работи поврзани со рамномерниот регионален развој, утврдени со закон.

Совет за развој на планскиот регион

Советот за развој на планскиот регион:

- ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој;
- донесува Програма за развој на планскиот регион, по претходна согласност од Советот за рамномерен регионален развој;
- донесува годишен акционен план за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- утврдува годишна листа на предлог-проекти за развој на регионот, согласно со приоритетите во Програмата за развој на планскиот регион, кои се доставуваат до Бирото за регионален развој за финансирање од средствата наменети за проекти за развој на планските региони;
- доставува предлози до Бирото за регионален развој за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби во рамките на планскиот регион, согласно со критериумите од член 7 од Закон за рамномерен регионален развој;
- обезбедува координација на активностите на единиците на локалната самоуправа, здруженијата на граѓани, државните агенции и институции во рамките на регионот, кои дејствуваат во областа на регионалниот развој;
- иницира разгледување на прашања поврзани со регионалниот развој за кои е неопходна координација помеѓу единиците на локалната самоуправа и партнери од приватниот и граѓанскиот сектор;
- ја промовира прекуграничната соработка со региони од други земји врз основа на заедничките интереси;
- усвојува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион; и
- врши други работи од областа на регионалниот развој утврдени, со закон.

Биро за регионален развој

Бирото ги врши следните работи:

- подготвува аналитичко-документациска основа за изготвување на стратешките и оперативните плански документи за регионален развој;

- ја изработува Предлог-методологијата за изработка на планските документи;
- подготвува годишни извештаи за имплементацијата на Акциониот план на Стратегијата;
- ја изработува Предлог-одлуката за критериумите и индикаторите за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби;
- ја изработува Предлог-листата на подрачјата со специфични развојни потреби;
- ги изработува Предлог-критериумите за степенот на развиеност на единиците на локалната самоуправа и регионите;
- го изработува Предлог-актот за класификација на единиците на локалната самоуправа и планските региони според степенот на развиеност;
- дава стручна помош на Центрите за развој на планските региони, при подготовка на програмите за развој на планските региони и вршење на други активности поврзани со регионалниот развој;
- ги информира засегнатите страни за видовите и обемот на средствата и за инструментите за поттикнување на регионалниот развој;
- воспоставува и се грижи за одржување на информацискиот систем за регионалниот развој во соработка со Државниот завод за статистика; и
- врши и други работи од областа на регионалниот развој, утврдени со закон.

<u>Центар за развој на планскиот регион</u>

Центарот за развој на планскиот регион ги врши следните работи:

- ја изготвува Предлог-програмата за развој на планскиот регион;
- изготвува Предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- подготвува Предлог-проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби;
- ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион и ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготовката на нивните програми за развој;
- обезбедува стручни услуги на здруженија на граѓани и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот развој;
- спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската унија и други меѓународни извори;
- поднесува годишен извештај за своето работење до Советот за развој на планскиот регион и советите на единиците на локалната самоуправа;
- врши промоција на развојните можности на планскиот регион; и
- врши стручни и административно-технички работи за потребите на Советот за развој на планскиот регион.

***Задачи и надлежности на носителите на политиката за рамномерен регионален развој***

***Поимен толковник***

Регионален развој е процес на идентификација, поттикнување, управување и искористување на развојните потенцијали на планските региони и подрачјата со специфични развојни потреби, со цел да се обезбеди интегрален и рамномерен развој на Република Македонија.

Политика на регионален развој е систем на цели, инструменти и мерки насочени кон намалување на регионалните диспаритети и остварување на рамномерен и одржлив развој во Република Македонија.

Плански регион е функционално-територијална единица воспоставена за потребите на планирање на развојот и за реализација на политиката на рамномерен регионален развој. Планските региони се единиците на NUTS 3 ниво утврдени со акт на Владата на Република Македонија за утврдување на номенклатура на територијални единици за статистика -NUTS. Планските региони не се административно-политички, туку функционално-територијални единици за потребите на планирањето и реализацијата на регионалниот развој. При утврдувањето на регионите се почитува дефиниран систем на критериуми. Согласно со постојната номенклатура во Република Македонија постојат 8 статистички региони кои со Законот се утврдуваат како плански региони.

Подрачја со специфични развојни потреби се подрачја со економски, социјални, географски, еколошки и други карактеристики кои бараат посебни мерки и инструменти за поттикнување на развојот.

Стопански недоволно развиени подрачја се подрачја чија географска локација и економски, социјални и еколошки услови и трендови резултираат во понизок животен стандард од националниот просек.

Погранични подрачја се подрачја чиј развој е детерминиран од соработката со други региони и подрачја од соседните држави, а се простираат на територијата на единиците на локалната самоуправа што граничат со други држави.

Планирање на регионалниот развој подразбира идентификување на реални и кохерентни цели, приоритети и мерки за поттикнување на рамномерниот регионален развој.

Стратегија за регионален развој на Република Македонија е долгорочен плански документ со кој се утврдуваат основните принципи, цели и приоритети за регионалниот развој во Република Македонија и се дефинираат инструментите и политиката за нивна реализација.

Програма за рамномерен регионален развој на Република Македонија е среднорочен плански документ, изработен согласно Стратегијата за рамномерен регионален развој, со кој се утврдуваат посебните цели на регионалниот развој, како и мерките, инструментите и потребните финансиски и други ресурси за остварување на целите.

Програма за развој на планскиот регион е средонорочен плански документ, во кој се утврдуваат развојните цели на планскиот регион и специфичните мерки за нивно остварување.

Акционен план е едногодишен изведбен документ во кој се утврдуваат носители, финансиски средства и временска динамика за реализација на проекти согласно Програмата за регионален развој и планот за развој на планскиот регион.